# ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО МЕДИУМИТЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Кон заеднички стандарди за регулација и саморегулација





Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

# ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО МЕДИУМИТЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Кон заеднички стандарди за регулација и саморегулација

**Д-р Снежана Трпевска**

**Д-р Марина Тунева**

**ноември 2025**

Совет на Европа

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на автор(к)ите. Изразените ставови нужно не се смета дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советот на Европа.*

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 зборови), освен за комерцијални цели, сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи надвор од контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на:
Horizontal.Facility@coe.int

© Совет на Европа, ноември 2025. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

www.coe.int/freedomofexpression

Фотографија: Shutterstock

# Содржина


**Вовед** **7**

**Биографии на авторките** **9**

**1. Контекст, цели и методолошки пристап** **11**

1.1 Опис на проблемот 11

1.2 Предмет и цели на студијата 13

1.3 Методолошки пристап 14

**2. Регулативи и инструменти на Советот на Европа и на Европската комисија** **16**

2.1 Приод и инструменти на Советот на Европа 16

2.1.1 Рамковна конвенција за вештачката интелигенција и човековите права, демократијата и владеењето на правото 16

2.1.2 Насоки на Советот на Европа за одговорна примена на ВИ во новинарството 18

2.1.3 Предлог-насоки за импликациите од генеративната вештачка интелигенција врз слободата на изразување 19

2.2 Регулаторна рамка на Европската Унија 22

2.2.1 Регулатива за вештачка интелигенција 22

2.2.2 Поврзаност меѓу Регулативата за ВИ и Регулативата за дигитални услуги 25

**3. Примена на ВИ во аудиовизуелниот сектор – компаративни искуства и примери** **28**

3.1 Можности и предизвици од примената на ВИ во информативните медиуми 28

3.2 Истражувања за примената на ВИ во информативните медиуми 31

3.3 Примери на примена на ВИ во информативните медиуми 34

**4. Примена на вештачката интелигенција во аудиовизуелниот сектор на Република Северна Македонија** **38**

4.1 Општ контекст: состојба со ВИ во медиумскиот сектор во Северна Македонија 38

4.2 Одлуки и стратегии за имплементација на ВИ 40

4.3 Реална примена и редакциски практики 45

**5. Заклучни согледувања и препораки** **51**

5.1 Усогласување со правните инструменти на Советот на Европа и на ЕУ 51

5.2 Стратегиска рамка и поддршка за интегрирањето на ВИ во аудиовизуелниот сектор 52

5.3 Осовременување на Кодексот на новинарите 53

5.4 Внатрешни акти за транспарентна и етичка примена на ВИ 55

**Библиографија** **56**

# Вовед

Брзиот развој на вештачката интелигенција (ВИ) и другите нови технологии го преобразува глобалниот медиумски екосистем, создавајќи нови можности за иновации, но истовремено носејќи сложени етички, професионални и регулаторни предизвици. Во Република Северна Македонија, како и во други земји, аудиовизуелниот сектор се наоѓа на клучна пресвртница: иако потенцијалот на алатките засновани на ВИ за продукција на содржини, анализа на податоци и ангажман на публиката сè повеќе се препознава, нивната интеграција останува фрагментирана, недоследна и, во голема мера, неподдржана со стратегиски воспоставени политики или внатрешни протоколи. Оваа состојба ја нагласува итноста од усвојување кохерентна рамка што ќе овозможи технолошки напредок, но истовремено ќе ги заштити основните права, професионалните стандарди и демократските вредности.

Оваа анализа е изработена на барање на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), во рамките на Проектот на Советот на Европа „Заштита на слободата на изразување и на медиумите во Северна Македонија *(PRO-FREX)*“. Таа ги одразува општите цели на Проектот, односно зајакнување на независноста, професионализмот и отчетноста на медиумскиот сектор, како и поддршка на усогласувањето со европските стандарди за заштита на слободата на изразување. Студијата особено го анализира начинот на којшто новите технологии, пред сè вештачката интелигенција, се поврзуваат со постоечките правни, етички и професионални рамки во Северна Македонија и како празнините во регулацијата и саморегулацијата влијаат врз медиумската заедница и врз поширокиот јавен интерес.

Наодите покажуваат дека, и покрај растечката свесност меѓу новинарите, уредниците и регулаторите за ризиците што произлегуваат од алгоритамската пристрасност, дезинформациите и намалената уредувачка автономија, сè уште не се доволно развиени структурирани политики и унифицирани практики. Иницијативите, како што се ревизијата на Кодексот на новинарите, усвојувањето на Регионалната декларација за ВИ и дебатите на граѓанското општество во однос на етиката и дигиталните права, претставуваат важни почетни чекори, но тие бараат системска институционална поддршка за да постигнат значајно влијание. Оттаму, анализата придонесува кон целите на Проектот *PRO-FREX* на Советот на Европа, преку согледувањето на актуелните практики, откривањето на клучните предизвици и предлагањето насоки до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот за етика во медиумите и Здружението на новинарите за развој на стандарди и практики што ќе ги зајакнат медиумскиот интегритет, транспарентноста и професионалната автономија во дигиталната ера.

Покрај тоа, студијата има за цел да ги информира и креаторите на политики и практичарите, нудејќи компаративни перспективи засновани врз најдобрите меѓународни практики, имајќи го предвид специфичниот контекст во Република Северна Македонија. Поставувајќи ја дебатата за ВИ и новите технологии во контекст на поширокатa мисија за заштита на слободата на изразување и зајакнување на медиумскиот плурализам, анализата се усогласува со основната цел на Проектот *PRO-FREX*, а тоа е да придонесе за подобрена средина за остварување на правото на слобода на изразување, особено од страна на новинарите и медиумските професионалци, во поплуралистичко и побезбедно медиумско опкружување, во согласност со стандардите утврдени со член 10 од Европската конвенција за човекови права.

# Биографии на авторките



**Д-р Марина Тунева** е независна експертка за медиуми и комуникации и вонредна професорка на Институтот за комуникациски студии во Скопје. Со повеќе од две децении професионално искуство, таа работи во областите на етиката во новинарството, слободата на медиумите, вештачката интелигенција, дезинформациите, медиумската и информатичката писменост, стратегиските комуникации и различноста и инклузијата. Соработува со бројни национални и меѓународни организации на унапредување на етичките, инклузивните и транспарентните практики во медиумите и стратешките комуникации. Д-р Тунева е авторка на бројни публикации, прирачници и истражувачки трудови за професионално новинарство, саморегулација и етичка употреба на технологијата во медиумите, меѓу кои *Водич за медиумски интегритет* (УНДП, 2023) и анализата *Од глобални искуства до локални стандарди: Етички предизвици и решенија во новинарството* (МИМ, 2023). Таа е и авторка на *Декларацијата за етичка и транспарентна употреба на вештачка интелигенција во медиумите* (Совет за етика во медиумите на Македонија, 2024), изработена во рамки на регионална иницијатива на советите за етика во медиумите, поддржана од УНЕСКО. Како поранешна извршна директорка на Советот за етика во медиумите на Македонија и добитничка на престижната стипендија *Distinguished Humphrey Fellowship* на Владата на САД, д-р Тунева продолжува да ги промовира медиумскиот интегритет, транспарентноста и човеково-центричната примена на технологијата во новинарството, комуникациите и демократското управување.



**Д-р Снежана Трпевска** е експертка за медиумски политики и истражувачка во Институтот за истражување на општествен развој – РЕСИС во Скопје, мултидисциплинарна истражувачка организација основана во 2017 година, како одговор на зголемената потреба од втемелени општествени истражувања насочени кон сеопфатно разбирање на сложените општествени појави и процеси. Нејзините истражувачки интереси ги опфаќаат областите: медиумски политики и регулација, медиумска писменост, новинарство и медиумски студии, социологија

на масовната комуникација и истражување на публиката. Д-р Трпевска е магистерка по комуникациски студии и докторка на социолошки науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Северна Македонија. До јули 2009 година беше раководителка на Секторот за истражување и стратешки развој во медиумскиот регулатор. Од 2008 година е предавачка на Високата школа за новинарство и односи со јавност, а од 2013 и професорка на Институтот за комуникациски студии во Скопје, каде што предава Медиумско право и Методологија на истражување на медиумите и публиката. Д-р Трпевска учествувала во бројни академски и применети истражувачки проекти поврзани со слободата на изразување и медиумскиот плурализам, медиумската концентрација и регулацијата на радиодифузијата, ставовите и преференциите на публиката, етиката во новинарството, медиумите и конфликтите и други сродни теми. Во 2022 и 2024 година, како национална експертка за медиумско право, политики и пазари, беше дел од експертскиот тим на проектот за медиумски реформи *ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди*.

# 1. Контекст, цели и методолошки пристап

## 1.1 Опис на проблемот

Рапидната примена на вештачката интелигенција (ВИ) во различни области носи големи придобивки за општествата, но истовремено отвора низа прашања поврзани со нејзиното влијание врз човековите права, демократијата и владеењето на правото. Примената на ВИ во последниве години ги наметна прашањата за соодветноста на постојната правна рамка, за потребата од преземање нови мерки во регулаторната политика, како и за приспособување и осовременување на саморегулацијата во медиумскиот сектор.

Во аудиовизуелната индустрија, примената на ВИ носи многу можности за иновации и развој. Таа, на пример, веќе се користи при оптимизирањето на процесот на продукција на аудиовизуелните содржини, служи како помошна алатка во новинарското истражување или во развивањето креативни потфати и иницијативи, како и во развивањето разновидни пристапи во продукцијата на содржини, со цел да се задоволат специфичните потреби на различни делови од публиката.

Меѓутоа, интегрирањето на ВИ во процесите на продукција на новинарски, документарни и забавни аудио и аудиовизуелни содржини, е проследено со низа дилеми и ризици[1]:

- ВИ има потенцијал да ја „хомогенизира" содржината и да ја намали нејзината креативна разноликост, што во крајна линија влијае врз вкупната разновидност на содржините и го поткопува медиумскиот плурализам како клучна регулаторна цел;
- потенцијалот на ВИ да генерира софистицирани и навидум вистинити содржини, вклучително и дезинформации, носи ризици не само за кредибилитетот на новинарството и медиумите, туку и за демократските процеси во поширока смисла;
- зголемената примена на ВИ во создавањето на содржините, може дополнително да ја загрози стабилноста на работните места во аудиовизуелниот медиумски сектор;
- користењето на генеративната ВИ во продукцијата на аудиовизуелни содржини го усложнува прашањето на заштитата на авторските и другите лични права (користење авторски дела или користење фотографии или гласови на изведувачи);
- примената на ВИ без соодветна уредувачка контрола, може да го наруши правото на приватност, бидејќи ВИ-системите честопати се потпираат на големи бази на податоци што содржат и лични информации.

---

1 Maja Cappello, ed., *AI and the Audiovisual Sector: Navigating the Current Legal Landscape* (Strasbourg: European Audiovisual Observatory, IRIS, October 2024).

За решавање на овие сложени предизвици, Европската Унија и Советот на Европа во последниве години работат на развој на хармонизиран регулаторен пристап што ќе овозможи соодветен и навремен одговор на технолошките трансформации предизвикани од примената на ВИ.

*Рамковната конвенција за вештачка интелигенција на Советот на Европа*[2], усвоена во мај 2024 година и отворена за потпишување во септември 2024 година, ги утврдува принципите за одговорен развој и употреба на вештачката интелигенција, со посебен фокус на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Таа нагласува дека системите за вештачка интелигенција треба да се развиваат и да се користат на начин што ќе обезбеди почитување на основните човекови права.

Советот на Европа во април 2024 година формираше и Комитет од експерти[3] задолжен да го испита влијанието на генеративната ВИ врз слободата на изразувањето. До крајот на 2025 година, Комитетот треба да подготви необврзувачки документ – нацрт-упатство за импликациите од генеративната ВИ врз слободата на изразување, кое ќе биде доставено на усвојување до Управниот комитет за медиуми и информатичко општество *(CDMSI)*.

*Регулативата на ЕУ за вештачка интелигенција*[4], усвоена во јуни 2024 година, а која стапи во сила во јуни 2025 година, воведува обврска за транспарентност и отчетност на давателите на услуга за генеративна ВИ и ги задолжува да ги почитуваат прописите за авторски права. Давателите на услуги за ВИ со општа намена, се должни да објавуваат детална документација за содржината користена во процесот на обучување на системите за ВИ, во согласност со насоките од новоформираната Канцеларија за ВИ при Европската комисија.

*Општата регулатива за заштита на податоците*[5] ја уредува постапката за собирање, обработка и складирање на личните податоци. Таа, меѓу другото, пропишува и како системите за вештачка интелигенција можат да ги собираат и користат личните податоци во процесот на обучување на моделите на ВИ.

Покрај регулаторните рамки, уште еден важен аспект во управувањето со примената на вештачката интелигенција е саморегулацијата во медиумскиот сектор. Досегашните практики на глобално ниво покажуваат дека саморегулацијата има исклучително значајна улога во однос на употребата на ВИ, особено кога станува збор за автоматски генерирани содржини. Потребно е посебно внимание на етичките аспекти, вклучувајќи ја транспарентноста, точноста, заштитата на по-

2 Council of Europe, *Framework Convention on Artificial Intelligence and Human Rights, Democracy and the Rule of Law* (Vilnius: Council of Europe, 2024).

3 Committee of Experts on the Impacts of Generative Artificial Intelligence for Freedom of Expression (MSI-AI).

4 European Union. Regulation (EU) 2024/1689 of the European Parliament and of the Council of 13 June 2024 laying down harmonised rules on artificial intelligence and amending Regulations (EC) No 300/2008, (EU) No 167/2013, (EU) No 168/2013, (EU) 2018/858, (EU) 2018/1139 and (EU) 2019/2144 and Directives 2014/90/EU, (EU) 2016/797 and (EU) 2020/1828 (Artificial Intelligence Act).

5 Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC (General Data Protection Regulation)

датоците и авторските права. Многу медиумски куќи веќе го применуваат принципот на човечки надзор *(human-in-the-loop)*[6] како задолжителен предуслов за објавување содржини креирани од ВИ, со цел да се зачуваат професионалните стандарди и да се избегнат евентуални грешки и пристрасност.

## 1.2 Предмет и цели на студијата

Имајќи ја предвид клучната надлежност на регулаторното тело – да го поддржува развојот на аудиовизуелниот сектор, но истовремено и да ја штити слободата на изразување и да го поттикнува медиумскиот плурализам, студијата има за цел да ги утврди главните придобивки и предизвици од примената на ВИ во аудиовизуелниот сектор во Република Северна Македонија и да ги идентификува можните насоки за развивање идна регулаторна политика.

Со оглед на тоа дека употребата на ВИ влијае врз почитувањето на основните новинарски принципи, како што се точноста, контекстот, кредибилитетот и транспарентноста, студијата ќе придонесе, исто така, со сознанија и препораки за развивање на етичките стандарди во новинарството потпомогнато со ВИ[7], што ќе им помогне на саморегулаторните тела - Советот за етика во медиумите на Македонија и Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија.

Општата цел на студијата е да ги претстави релевантните меѓународни стандарди и актуелната состојба во земјата, како и да ја разгледа можноста за идно усогласување со инструментите од оваа област[8], вклучително и со Рамковната конвенција за вештачка интелигенција на Советот на Европа. За исполнување на оваа цел, истражувањето спроведено во рамки на студијата беше насочено кон исполнување на следниве конкретни цели:

(1) Да направи преглед на најновите регулаторни инструменти и документи на Советот на Европа и на Европската комисија поврзани со примената на ВИ во медиумскиот сектор (поглавје 2);

(2) Да направи компаративен преглед на примената на ВИ во медиумските сектори на развиените земји и на земјите во развој, преку неколку позитивни примери на иновативна примена на ВИ во продукцијата на новинарски содржини (поглавје 3);

---

6 „Човекот во процесот“ *(human-in-the-loop)* се однесува на дизајн на систем на вештачка интелигенција во кој човечкиот надзор, влез или интервенција се вградени во клучните фази на автоматизираниот процес, со цел да се обезбеди критичните одлуки да бидат разгледани или насочени од човек.

7 „Новинарство потпомогнато со вештачка интелигенција“ *(AI-assisted journalism)* се однесува на употреба на алатки на вештачка интелигенција за поддршка на новинарските процеси, како што се создавање содржини, анализа на податоци, проверка на факти или таргетирање на публиката, при што се задржува уредничкиот надзор.

8 Други релевантни инструменти на Советот на Европа на ова поле се: CM/Rec(2020)1 on the Human Rights Impacts of Algorithmic Systems, CM/Rec(2022)4 on promoting a Favourable Environment for Quality Journalism in the Digital Age, CM/Rec(2022)11 on Principles for Media and Communication Governance, CM/Rec(2022)13 on the Impacts of Digital Technologies on Freedom of Expression, and the Guidelines on the Responsible Implementation of Artificial Intelligence Systems in Journalism, adopted by the Steering Committee on Media and Information Society (CDMSI) in 2023.

(3) Да ги мапира придобивките и областите на примена на ВИ во аудиовизуелниот сектор и да ги идентификува потенцијалните негативни последици врз професионалните стандарди и практики на продукција и дистрибуција на медиумските содржини (поглавје 4);

(4) Да даде сеопфатен преглед на актуелната состојба со примената на вештачката интелигенција во аудиовизуелниот сектор во Република Северна Македонија, со фокус на институционалниот и регулаторниот контекст, редакциските практики, проценката на ризиците, како и постојните иницијативи на граѓанскиот сектор и академската заедница насочени кон развој на етички стандарди и поттикнување критичка свесност кај публиката при разбирањето и оценувањето содржини создадени со ВИ (поглавје 4);

(5) На крајот, врз основа на компаративниот преглед и наодите од спроведеното истражување, да предложи конкретни насоки за идниот развој на регулативата и регулаторната политика во овој домен, за осовременување на Етичкиот кодекс на новинарите, како и за можните облици на координирана заедничка акција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Советот за етика во медумите (поглавје 5).

## 1.3 Методолошки пристап

За остварување на вака поставените цели, студијата применува комбинација од неколку квалитативни методолошки постапки:

*Компаративна анализа:* Направена е анализа на релевантни документи и извештаи од меѓународните организации, како што се Советот на Европа, Европската Унија и медиумските организации кои имаат искуство во примена на вештачката интелигенција.

*Осврт врз објавени истражувања и анализи:* Дополнително, направен е преглед на понови објавени истражувања поврзани со предметот на оваа анализа. Освртот врз литературата опфаќа примери од други европски земји кои веќе имплементирале регулаторни и саморегулаторни мерки за употреба на ВИ во медиумскиот сектор, со посебен фокус на најдобрите практики, предизвиците и стекнатите искуства.

*Интервјуа со засегнати страни***:** Реализирани се полуструктурирани интервјуа со претставници на медиумски куќи во Република Северна Македонија кои веќе применуваат или имаат намера да воведат алатки засновани на ВИ, со претставници од регулаторните и саморегулаторните тела (АВМУ, СЕММ, ЗНМ), како и со експерти од академската заедница кои се занимаваат со прашања поврзани со ВИ, медиумите и човековите права. Целта на овие интервјуа беше подетално да се согледаат потребите, искуствата и очекувањата во врска со примената на ВИ, како и да се добијат препораки за регулаторни и саморегулаторни мерки.

Имајќи ги предвид надлежностите на медиумскиот регулатор, во опфатот на оваа студија не влегуваат заштитата на авторските права и заштитата на личните податоци. Од петте главни области на ризик опишани во студијата, анализата се фокусира на првите три: (1) последиците врз содржинската разновидност и медиумскиот плурализам, (2) ризиците од нарушување на етичките и професионалните стандарди и ширењето дезинформации, и (3) евентуалните последици врз работната сила во аудиовизуелниот сектор.

# 2. Регулативи и инструменти на Советот на Европа и на Европската комисија

## 2.1 Приод и инструменти на Советот на Европа

Работата на Советот на Европа во областа на вештачката интелигенција е насочена кон справување со различни потенцијални ризици за функционирањето на демократското општество, остварувањето на човековите права и почитувањето на владеењето на правото. Комитетот за вештачка интелигенција (КВИ) на Советот на Европа е задолжен да „применува трансверзален пристап, координирајќи ја неговата работа со други меѓувладини комитети и тела на Советот на Европа, кои, исто така, работат на справување со импликациите од вештачката интелигенција во нивната соодветна област на дејствување, обезбедувајќи насоки за овие комитети и тела [...] и помагајќи им во решавањето на проблемите“[9].

Прашањето на влијанието на дигиталните технологии и интернетот врз слободата на изразување, медиумите и новинарството, е обработено во голем број студии, документи и правни инструменти на телата на Советот на Европа, но за потребите на оваа анализа, фокусот е насочен кон оние што ги адресираат специфичните предизвици и ефекти од примената на вештачката интелигенција врз човековите права, вклучително и врз правото на слобода на изразување.

### 2.1.1 Рамковна конвенција за вештачката интелигенција и човековите права, демократијата и владеењето на правото

*Рамковната конвенција за вештачката интелигенција и човековите права, демократијата и владеењето на правото*[10], усвоена на 17 мај 2024 година и отворена за потпишување на 5 септември 2024 година, е првиот меѓународен правно-обврзувачки договор во оваа област. Отворена е за потпишување од земјите членки на Советот на Европа, Европската Унија и земјите кои не се членки, но кои учествуваа во нејзиното создавање. Конвенцијата (член 2) ја дефинира вештачката интелигенција како машински заснован систем, којшто за експлицитни или имплицитни цели, од влезните податоци што ги прима, изведува заклучоци за тоа како да генерира резултати како што се предвидувања, содржини, препораки или одлуки што можат да влијаат врз физичкото или виртуелното опкружување.

Во членот 3 се наведува дека опсегот на Конвенцијата ги опфаќа активностите во рамки на животниот циклус на системите за вештачка интелигенција кои имаат потенцијал да влијаат врз човековите права, демократијата и владеењето на правото, иницирани од јавни органи или приватни актери кои дејствуваат во нивно име.[11] Ова значи дека Конвенцијата, по дефиниција, не ги опфаќа активностите

9 Council of Europe Committee on Artificial Intelligence (CAI).

10 Council of Europe, *Framework Convention on Artificial Intelligence and Human Rights, Democracy and the Rule of Law* (Vilnius: Council of Europe, 2024).

11 Објаснувачкиот извештај прецизира дека намерата е Конвенцијата да биде обврзувачка и за

на сите приватни актери. Во однос на другите приватни актери, на државите потписнички им е дадена флексибилност и можат да одлучат да ги применат правилата и принципите утврдени во Конвенцијата и на други приватни актери, како и да преземат други соодветни мерки за управување со ризиците и влијанијата што произлегуваат од примената на вештачката интелигенција. Од опфатот на Конвенцијата се исклучени: системите за ВИ поврзани со заштитата на националните безбедносни интереси на земјата; активностите за истражување и развој, освен кога тестирањето на системите за ВИ или слични активности може да влијаат врз остварувањето на човековите права, демократијата или владеењето на правото; како и прашањата поврзани со националната одбрана.

Во Глава III (членови 6-13) Конвенцијата воведува неколку принципи кои создаваат рамка за ублажување на ризиците што ги носи вештачката интелигенција: човеково достоинство и индивидуална автономија, еднаквост и недискриминација, почитување на приватноста и заштита на личните податоци, транспарентност и надзор, отчетност и одговорност, безбедност и сигурни иновации.

Државите потписнички се обврзани (членови 14 и 15) да обезбедат документирање на релевантните информации за системите за вештачка интелигенција кои имаат потенцијал значително да влијаат врз човековите права и да ги поднесат до надлежните органи. Таму каде е соодветно, информациите треба да им бидат достапни или доставени и на засегнатите лица. Дополнително, мора да се воведат и мерки со кои ќе се обезбеди доставените информации да бидат доволни за засегнатите лица да можат да ги оспорат одлуките кои се донесени целосно или под значително влијание на системот на вештачка интелигенција. Конечно, мерките треба да им гарантираат на поединците ефикасен начин за поднесување жалби до надлежните органи.

Потписничките на Конвенцијата се, исто така, обврзани (член 16) да применуваат редовни мерки за превенција и следење на ризиците и негативните влијанија врз човековите права, демократијата и владеењето на правото, за документирање на овие ризици и за тестирање на системите за вештачка интелигенција онаму каде што е потребно, како пред нивната прва примена, така и по направените значителни промени. Според членовите 17-22, Конференцијата на државите потписнички, составена од официјални претставници на страните на Конвенцијата, е механизам воспоставен со цел да се следи степенот на примена на Конвенцијата.

На Комитетот за вештачка интелигенција му беше доделена и задача да подготви правнонеобврзувачка *Методологија за проценка на ризикот и влијанието на системите за вештачка интелигенција од гледна точка на човековите права, демократијата и владеењето на правото* (HUDERIA), како поддршка на спроведувањето на Рамковната конвенција. Методологијата[12], усвоена во ноември 2024

јавните и за приватните актери, иако некои земји се залагаа за исклучување на приватниот сектор и ограничување на опфатот на Конвенцијата само на активностите на јавните органи и приватните актери кои делуваат во нивно име.

12 Council of Europe, *Methodology for the Risk and Impact Assessment of Artificial Intelligence Systems from the*

година, дава насоки и за јавните и за приватните актери во идентификувањето и справувањето со ризиците од примената на системите за вештачка интелигенција.

### 2.1.2 Насоки на Советот на Европа за одговорна примена на ВИ во новинарството

Советот на Европа, исто така, има усвоено неколку други обврзувачки и необврзувачки правни инструменти поврзани со влијанието и примената на дигиталните технологии, социјалните медиуми и вештачката интелигенција во медиумите и новинарството.

Во ноември 2023 година, *Управниот комитет за медиуми и информатичко општество* ги усвои *Насоките за одговорна примена на ВИ во новинарството*[13]. Насоките беа подготвени паралелно со работата на Рамковната конвенција за вештачка интелигенција, со фокус на оперативната примена на општите принципи утврдени во Конвенцијата, заради нивна примена во контекст на новинарството.

Документот нуди практични упатства за информативните медиуми, давателите на услуги за вештачка интелигенција и дигиталните платформи кои дистрибуираат вести, илустрирајќи го начинот на којшто треба да се користат системите на ВИ за поддршка на различните фази во новинарската продукција. Во воведниот дел се нагласува дека заштитата што ја обезбедува членот 10 од Европската конвенција за човекови права, се протега и на употребата на комуникациската технологија, вклучувајќи ги и системите за вештачка интелигенција кои можат да ја потпомогнат критичката улога на новинарската професија во демократското општество. Исто така, се нагласува дека членот 10 од ЕКЧП определува и права и обврски на информативните медиуми и новинарите, вклучително и обврската да ги користат системите на ВИ на начини што се компатибилни со човековите права и јавните вредности.

Текстот содржи низа препораки за користење на системите на ВИ во различни фази на новинарската продукција и за одговорностите на давателите на услуги за вештачка интелигенција кога работат со информативните медиуми:

- Како треба да се донесе уредничката одлука за имплементација на системи за ВИ во информативниот медиум и какви внатрешни процедури треба да се воспостават за систематска проценка на ризикот?
- Кои критериуми и процедури треба да бидат утврдени од медиумите за одговорен избор и набавка на технологија за ВИ?
- Како да се интегрира технологијата за ВИ во професионалните и организациските рутини, а притоа да се задржат искусните новинари, да се олесни нивната работа и да се одржува уреднички надзор врз произведената новинарска содржина?

---

*Point of View of Human Rights, Democracy and the Rule of Law* (*HUDERIA Methodology*), Strasbourg, November 28, 2024.

13 Council of Europe, *Guidelines on the Responsible Implementation of Artificial Intelligence (AI) Systems in Journalism* (Strasbourg: Council of Europe, March 2024).

- Какви одговорности и обврски имаат новинарите и медиумите кон граѓаните и јавноста воопшто при користење системи со вештачка интелигенција?
- Какви се одговорностите на давателите на услуги за вештачка интелигенција и на платформите кога работат со информативните медиуми?

Во последниот дел, Насоките наведуваат и низа позитивни обврски на државите за создавање поволни услови за остварување на човековите права и медиумскиот плурализам:

- воспоставување и диверзификација на програми за финансиска поддршка на краткорочни и долгорочни проекти за развој на одговорни новинарски системи за ВИ, особено за малите и локалните медиуми;
- поттикнување на независните регулаторни органи или на саморегулаторните тела да помогнат во усвојувањето насоки и стандарди за одговорно користење на системите на ВИ во новинарството, што можат да им помогнат на помалите и на локалните медиуми да ја зајакнат нивната преговарачка позиција во однос на давателите на услуги за вештачка интелигенција;
- независните регулатори треба да ја разгледаат правичноста на комерцијалните односи и договори меѓу информативните медиуми, платформите и давателите на услуги за вештачка интелигенција, посветувајќи посебно внимание на можната нерамнотежа во моќта за преговарање на помалите или локални информативни медиуми;
- да се поддржат механизмите за транспарентност и отчетност, вклучително и преку (само)регулаторни тела, со цел да се овозможи јавен надзор врз употребата на ВИ во новинарството и да се поттикнат истражувања за ставовите и разбирањето на јавноста во однос на овие технологии и практики;
- да се развијат иницијативи во соработка со медиумите, новинарите, платформите, истражувачите од областа на комуникациите и релевантните граѓански организации, за поттикнување на информациската и медиумската писменост, со цел граѓаните подобро да ја разберат улогата и употребата на вештачката интелигенција во новинарството.

### 2.1.3 Предлог-насоки за импликациите од генеративната вештачка интелигенција врз слободата на изразување

Под надлежност на Управниот комитет за медиуми и информатичко општество *(CDMSI)*, Советот на Европа формираше Комитет на експерти за импликациите од генеративната вештачка интелигенција врз слободата на изразување[14]. Прелиминарниот нацрт на Насоките, подготвен од овој Комитет на експерти, беше пред-

14 Достапно на: Committee of Experts on the Impacts of Generative Artificial Intelligence for Freedom of Expression (MSI-AI)

мет на јавни консултации во јули и август 2025 година[15]. Насоките имаат цел да воспостават рамнотежа меѓу искористувањето на потенцијалот на генеративната вештачка интелигенција и заштитата на слободата на изразување. Тие го нагласуваат значењето на транспарентноста, отчетноста, човечкиот надзор, зачувувањето на плуралистичките содржини и усогласеноста со постојните рамки за човекови права на Советот на Европа. Нивниот необврзувачки карактер е насочен кон практична примена на соодветни мерки од страна на креаторите на политики, пред сѐ во земјите членки, но и од давателите на технолошки услуги, граѓанското општество и другите релевантни чинители, во согласност со Европската конвенција за човекови права. Целите на Насоките се: да се обезбедат алатки за заедничко разбирање на системите засновани на генеративна вештачка интелигенција; да се поддржи идентификацијата и проценката на структурните импликации на ВИ врз слободата на изразување; да се понудат практични насоки за земјите членки на Советот на Европа за ублажување на ризиците и создавање поволна средина за слободата на изразување, јавната дебата и медиумската слобода.

Врз основа на последната верзија на Нацрт-насоките, утврдени се шест клучни области во кои се појавуваат структурни импликации врз слободата на изразување:

а. *Подобрување на изразувањето и пристапот до содржини:*
Генеративните системи на ВИ можат да обезбедат поширока дистрибуција на содржини, да ја подобрат нивната разбирливост преку интерактивна адаптација и да воведат нови начини за поединците да споделуваат и добиваат идеи и мислења.

б. *Разновидност и стандардизација на изразувањето:*
Овие системи влијаат врз разновидноста на човечкото изразување преку можната стандардизација на содржините и намалувањето на уникатноста на индивидуалното изразување. Истовремено, тие можат да поттикнат нови и иновативни форми на самоизразување.

в. *Интегритет на човечкото изразување и неговата атрибуција:*
Генеративната ВИ честопати создава содржини преку статистичка синтеза на информации од повеќе извори, најчесто без јасна атрибуција. Ова може да го изобличи оригиналното значење или да доведе до погрешно припишување на изворите, со што се загрозува репутацискиот интегритет, особено на поединци и медиумски организации, а се отежнува и проверката на потеклото и автентичноста на информациите.

г. *Автономија и формирање мислење:*
Со мешање на извори и извлекување на информациите од нивниот оригинален контекст или автор, генеративната ВИ може да има убедливо влијание врз личните убедувања и мислења. Таквите системи може да се злоупотребат за масовно обликување или манипулација со јавното мислење, со што се загрозува способноста на поединците да формираат и изразуваат сопствени ставови, како и когнитивната автономија и интегритетот на јавниот дискурс.

15 Public consultation on the draft Guidance Note on the Implications of Generative Artificial Intelligence for Freedom of Expression, Council of Europe, 1 July 2025.

д. *Медиумски и информативен плурализам*:
Примената на генеративната ВИ го трансформира јавниот информативен простор на начини што можат да ја компромитираат разновидноста на гласови, перспективи и извори. Со оглед на тоа што овие системи сè повеќе делуваат како посредници меѓу медиумите и јавноста, тие имаат и влијание врз тоа кои содржини ќе станат видливи. Начинот на дизајн и критериумите за модерирање што се применуваат, директно влијаат врз досегот и одржливоста на новинарството, особено во случаи кога изворите се погрешно наведени или извадени од контекст и кога медиумите не добиваат соодветна компензација за употребата на нивните содржини при обучување или адаптација на моделите на ВИ.

ѓ. *Пазарна динамика*:
Постои очигледна концентрација на моќ на различни нивоа од технолошката инфраструктура на генеративната ВИ, особено во доменот на алатките и производите. Таквата концентрација, поттикната од економски или идеолошки мотиви, може да ја ограничи слободата на изразување преку несоодветно модерирање на содржини, како и преку филтрирани, цензурирани или автоматски селектирани содржини што го ограничуваат пристапот до различни гледишта.

Земјите членки треба активно да преземаат мерки со кои ќе се овозможи дизајнот, примената и користењето на генеративните апликации на ВИ да ја поддржуваат слободата на изразување и ефикасно да ги ублажуваат соодветните ризици.

Препораките во продолжение даваат насоки за поддршка на оваа цел и се организирани во четири клучни области на дејствување:

I. *Следење* на влијанието на генеративната ВИ. Да се воспостават силни механизми за надзор и тестирање, со цел да се оценат и позитивните и негативните ефекти на генеративната ВИ врз слободата на изразување. Ова ќе ја поттикне транспарентноста, ќе помогне во откривање на пристрасноста и ќе придонесе за одговорно управување со податоците.

II. *Проценка*. Да се спроведуваат континуирани и инклузивни проценки на влијанието врз слободата на изразување, вклучувајќи приспособени постапки за должно внимание, особено во контекст на јавните набавки.

III. *Да се овозможи* целосно остварување на изразувањето, односно да се зајакнат условите за целосно остварување и заштита на слободата на изразување, вклучително и преку развивање и спроведување на социо-технички стандарди.

IV. *Јакнење* на капацитетите на засегнатите страни. Да се усвојат различни мерки за подигнување на свеста и поттикнување партиципативно управување со ризиците поврзани со ВИ. Ова вклучува промовирање граѓански собири, поддршка на образованието и истражувањата, објавување на резултатите од проценките на влијание, овозможување избор на корисниците и поттикнување меѓународна соработка.

Конечната верзија на Насоките се очекува да биде доставена за усвојување до Управниот комитет за медиуми и информатичко општество *(CDMSI)* до крајот на 2025 година.

## 2.2 Регулаторна рамка на Европската Унија

Во изминатите неколку години, Европската Унија разви сеопфатен регулаторен пристап за справување со импликациите од дигиталните технологии и системите за вештачка интелигенција врз слободата на изразување, медиумскиот плурализам и демократското владеење во земјитечленки на ЕУ. Во срцта на овој регулаторен пристап се два клучни документа: *Регулативата за вештачка интелигенција* и *Регулативата за дигитални услуги*.

Регулативата за вештачка интелигенција има за цел, пред сè, да ги адресира влијанијата од системите и практиките на ВИ кои претставуваат ризик за заштитата на основните права во различни општествени домени. Иако оваа регулатива не го уредува конкретно управувањето со онлајн платформите во однос на заштитата од манипулации, дезинформации или заштитата на слободата на изразување и медиумскиот плурализам, таа ги допира овие прашања преку тоа што воспоставува класификација, надзор и регулаторен режим заснован на проценка на ризик.

За разлика од неа, Регулативата за дигитални услуги се фокусира подиректно на управувањето со многу големите онлајн платформи *(VLOPs)* и онлајн пребарувачи. Таа се занимава со системските ризици во четири главни области: ширењето нелегални содржини; негативните последици врз основните права, вклучувајќи ја слободата на изразување и слободата на медиумите; негативните влијанија врз јавниот дискурс, интегритетот на изборите и јавната безбедност; како и ризиците поврзани со родовозаснованото насилство, јавното здравје и благосостојба и заштитата на малолетниците.

Иако пошироката регулаторна рамка на Европската Унија опфаќа и други иницијативи и стратегиски документи, оваа анализа се фокусира конкретно на содржината и точките на конвергенција меѓу овие две клучни регулативи во контекст на предизвиците што ги носат системите на вештачка интелигенција врз медиумската слобода и медиумскиот плурализам.

### 2.2.1 Регулатива за вештачка интелигенција

*Регулативата за вештачка интелигенција*[16], опишувана како „првата правна рамка за вештачка интелигенција“, воспоставува хармонизирани правила за справување со ризиците поврзани со примената на вештачката интелигенција. Овој правен инструмент, како што се наведува на официјалната веб-страница, *„им поставува јасни барања и обврски на оние кои ја развиваат и оние кои ја*

16 European Union. Regulation (EU) 2024/1689 of the European Parliament and of the Council of 13 June 2024 laying down harmonised rules on artificial intelligence and amending Regulations (EC) No 300/2008, (EU) No 167/2013, (EU) No 168/2013, (EU) 2018/858, (EU) 2018/1139 and (EU) 2019/2144 and Directives 2014/90/EU, (EU) 2016/797 and (EU) 2020/1828 (Artificial Intelligence Act).

*применуваат вештачката интелигенција во однос на нејзините специфични употреби*", со цел „*да се гарантира дека системите за ВИ ќе ги почитуваат основните права, безбедноста и етичките принципи, како и дека ќе ги адресираат ризиците што произлегуваат од многу моќни и влијателни модели на вештачка интелигенција.*"[17] Регулативата за ВИ претставува суштински елемент на пошироката политичка рамка на ЕУ насочена кон промовирање доверлива и одговорна вештачка интелигенција.

Иако Регулативата за ВИ покрива многу поширок опсег прашања поврзани со општествените импликации од употребата на вештачката интелигенција, сепак нејзините одредби се многу важни и за заштитата на слободата на изразување на интернет. Таа ги надополнува постоечките европски регулативи што го уредуваат управувањето со онлајн содржините, особено *Регулативата за дигитални услуги*. Ова е од особено значење, имајќи предвид дека модерната онлајн комуникација во голема мера се потпира врз употребата на системите за вештачка интелигенција, како и тоа што на социјалните медиуми широко се распространуваат синтетички креираните слики.

Се очекува одредбите од Регулативата за ВИ да имаат значително влијание врз користењето и ширењето на онлајн содржините на два начина: (1) преку забраната на одредени форми на манипулации базирани на ВИ кои можат да го нарушат правото на сопствено мислење – суштински елемент на слободата на изразување; (2) преку воведувањето обврски за оние што користат ВИ за создавање синтетичка содржина, вклучително и т.н. *deepfake*-содржини (многу лажни содржини).

Што се однесува на првиот тип влијание, членот 5(1)(а) од Регулативата[18] забранува употреба на потсвесни и намерно манипулативни или измамнички техники, кои можат суштински да го нарушат однесувањето на поединецот преку „значително нарушување на неговата способност да носи информирани одлуки, при што влијаат врз него да донесе одлука што инаку не би ја донел", на начин што би можел да доведе до значителна штета. Оваа забрана се однесува на „пласирањето на пазар", „пуштањето во употреба" или „употребата" на таков систем на вештачка интелигенција. Примерите за потсвесни техники вклучуваат визуелни пораки (кои премногу брзо се прикажуваат така што свесниот ум не може да ги регистрира), звучни потсвесни пораки, сигнали што не можат да се видат или чујат без посебен инструмент, вградени слики, насочување на вниманието и временска манипулација. Во исклучоците спаѓаат законски дозволеното убедување, како што се персонализираните препораки засновани на транспарентни алгоритми и кориснички преференции[19].

Следно, членот 5(1)(б) од Регулативата забранува експлоатирање на ранливоста на поединци поврзана со нивната возраст, попреченост или специфична социјална

---

17 Официјална веб-страница на Регулативата за вештачка интелигенција.

18 Повеќе детали во членот 5 на Регулативата за ВИ.

19 European Commission, *Guidelines on Prohibited Artificial Intelligence Practices, Established by Regulation (EU) 2024/1689 (AI Act)* (Brussels: European Commission, February 2025).

или економска состојба, со цел да се предизвика промена во нивното однесување, на начин што би можел да доведе до значителна штета. Опсегот на оваа одредба е поврзан со системите на вештачка интелигенција кои или директно комуницираат со поединците (чет-ботови) или со системите кои даваат препораки за содржини. Забраната се однесува на „пласирањето на пазар", „пуштањето во употреба" или „употребата" на таков систем на вештачка интелигенција. Ранливите групи се дефинираат како лица за кои постои поголема веројатност да бидат под влијание или да бидат манипулирани од системи со вештачка интелигенција: деца и тинејџери, повозрасни лица и лица со когнитивни, ментални или физички попречености.

Оваа одредба е релевантна во различни сектори во коишто вештачката интелигенција може да комуницира со ранливите популации, како што се рекламирањето, здравствениот сектор, финансиските услуги, игрите и онлајн забавата, социјалните медиуми и маркетингот на инфлуенсерите и платформите за едукација и учење. Во исклучоците спаѓаат системите на вештачка интелигенција за кои е веројатно дека нема да предизвикаат значителна штета: системите на вештачка интелигенција дизајнирани со цел корисниците да ги направат поангажирани, без употреба на манипулативни или измамнички практики; системите на вештачка интелигенција кои препорачуваат музика, но кои избегнуваат изложеност на депресивни песни; системите на вештачка интелигенција кои користат потсвесни техники со цел да ги охрабрат корисниците да донесат одлука добра за здравјето, на пример, да престанат со пушење; системите на вештачка интелигенција кои симулираат обиди за крадење сензитивни лични податоци *(phishing)* со цел да ги едуцираат корисниците за заканите за сајбер-безбедноста, итн.[20]

Во однос на второто очекувано влијание, важно е да се напомене дека членот 50 од Регулативата[21] наметнува обврски за транспарентност на оние кои ги создаваат и кои ги применуваат системите за вештачка интелигенција, особено оние што се дизајнирани да комуницираат со луѓе или да генерираат содржини што носат ризици од манипулација и измама. За да се адресира ова, Регулативата пропишува строги барања за транспарентност, според кои: поединците мора да бидат информирани кога комуницираат со ВИ, освен ако тоа не е јасно од самиот контекст; поединците мора да бидат известени кога системите за ВИ ги анализираат нивните биометриски податоци за да детектираат емоции и намери или да ги распределат во одредени категории. Одредбите поврзани со означувањето на содржината генерирана од ВИ, се од клучно значење за минимизирање на ризиците од манипулација и измама на корисниците, особено имајќи ја предвид потребата од справување со ризиците од ширење лажни содржини и дезинформации.

Имајќи предвид дека целосното влегување во сила на Регулативата за ВИ е предвидено за 2 август 2026 година, Европската комисија започна и паралелен процес на доброволно усогласување: го промовираше Пактот за вештачка интелигенција[22] за да ја поттикне доброволната посветеност на индустријата кон

20 Ibid.

21 Види повеќе детали во членот 50 на Регулативата за ВИ.

22 Види повеќе детали за ова на веб-страницата на Регулативата за вештачка интелигенција.

Регулативата за вештачка интелигенција и да започне со спроведување на нејзините одредби пред законскиот рок. Во меѓувреме, технолошките компании доброволно ги ажурираа своите политики за вештачка интелигенција: ТикТок и Мета применија специфични правила за ограничување на злоупотребата на ВИ, Гугл почна да ги означува сликите генерирани од ВИ и го прошири својот систем за откривање содржина генерирана од ВИ во рекламите.

## 2.2.2 Поврзаност меѓу Регулативата за ВИ и Регулативата за дигитални услуги

*Регулативата за дигитални услуги* (РДУ)[23] бара од многу големите онлајн платформи и пребарувачи да спроведуваат годишни проценки на ризикот за тоа како нивните системи за препорачување и модерирање на содржините влијаат врз слободата на изразување, медиумскиот плурализам и други дефинирани области на ризик (член 34). Годишните извештаи за ризик треба да содржат и проценки на потенцијалното влијание на системите за препорачување и модерирање на содржината врз слободата и плурализмот на медиумите. Одредбите на РДУ (член 34 и Рецитал 70) се насочени и кон справување со системските ризици од ширењето дезинформации преку онлајн платформите и пребарувачите, фокусирајќи се особено на нивните потенцијални последици врз интегритетот на изборниот процес, демократските институции и јавниот ред. Рециталот 84 од РДУ дава детални упатства за тоа како платформите треба да проценат дали алгоритамската амплификација може да влијае на видливоста на содржината, да го ограничи пристапот до различни перспективи или на друг начин да ја намали разновидноста на информациите.

Според членот 35, платформите и пребарувачите се обврзани да применуваат разумни, пропорционални и ефикасни мерки за ублажување на идентификуваните ризици. Наведени се низа можни мерки, меѓу кои: зголемена транспарентност на дигиталното рекламирање, соработката со независни истражувачи и доверливи означувачи, како и поддршка на саморегулаторни иницијативи кои поттикнуваат соработка меѓу платформите, властите и граѓанското општество. Пример за тоа е Кодексот на практики за дезинформациите, кој претходно беше воведен како доброволна иницијатива, но беше вграден во одредбите на РДУ како Кодекс на однесување.[24]

Одредбите од Регулативата за ВИ за забранетите системи и практики на вештачка интелигенција се преклопуваат со намерата на Регулативата за дигитални услуги да се спречи ширењето „нелегална содржина“ на онлајн платформите и пребарувачите. Регулативата за ВИ не ја регулира „содржината“ како таква, но кога се чита од перспектива на РДУ, таа има за цел да го спречи ширењето на „нелегална“ содржина што е генерирана со забранети практики на вештачка интелигенција.

23 European Union. Regulation (EU) 2022/2065 of the European Parliament and of the Council of 19 October 2022 on a Single Market for Digital Services and amending Directive 2000/31/EC (Digital Services Act) (Text with EEA relevance).

24 R.M. Torraco, *Risk in the Digital Services Act and AI Act: Implications for Media Freedom, Pluralism, and Disinformation* (Florence: Center for Media Pluralism and Media Freedom, May 2025).

РДУ им наметнува обврски на онлајн платформите да воспоставaт механизми за означување на потенцијално нелегалните содржини врз основа на соработката со доверливи означувачи (механизам за известување и дејствување, член 16) и да се усогласат со барањето на надлежниот орган (координатор за дигитални услуги) за отстранување на означената нелегална содржина (член 9). Оттука, спроведувањето на овие одредби, веројатно би го подобрило надзорот врз употребата на вештачката интелигенција на онлајн платформите, со вклучување на улогата на трети страни - доверливите означувачи, индивидуалните корисници и надлежните органи, заради откривање, проценка, означување и барање за отстранување на нелегалните содржини. Сепак, постои загриженост дека овие одредби нема да резултираат со отстранување на забранетите практики на вештачка интелигенција со кои се произведува нелегалната содржина.[25]

Друго прашање околу кое се поврзуваат РДУ и Регулативата за ВИ, е ризикот од манипулација на поединци, но пристапот на двете регулативи за справување со овој ризик, е различен. Фокусот на Регулативата за ВИ е на манипулативните и наведувачки практики на примена на системите за ВИ, додека РДУ посветува поголемо внимание на практиките на онлајн платформите кои ја нарушуваат или попречуваат способноста на поединците да донесуваат автономни и информирани избори или одлуки. Исто така, постои разлика во дефинициите и во строгоста на барањата на двете регулативи: дефиницијата на манипулацијата во РДУ не бара докази за тоа дека поединецот би постапил поинаку доколку не бил изложен на одредена содржина, ниту докази дека може да дијде до значителна штета. Оттука, концептот за манипулацијата на РДУ е многу поширок, но неговата примена е потесна – се применува само на онлајн платформите.[26]

Во однос на манипулативните практики, Регулативата за ВИ, во Рециталот 136, конкретно ги споменува дезинформациите генерирани од вештачка интелигенција како широко препознаена закана за изборните и демократските процеси. За да се ублажи овој проблем, давателите на услуги и субјектите кои применуваат системи за ВИ со општа намена, а кои генерираат синтетичка содржина како што се текст или слики, мораат да ги идентификуваат таквите содржини како произведени на вештачки начин. Овие обврски за транспарентност на содржината на давателите на услуги за ВИ се клучни за подобрување на спроведувањето на РДУ, особено за многу големите онлајн платформи и пребарувачи.

Следното прашање на пресек меѓу двете регулативи е поврзано со системите за препораки. РДУ, од една страна, содржи експлицитна референца за „системот за препораки“ - како целосно или делумно автоматизиран систем што го користи онлајн платформа за да им сугерира или да даде приоритет на информации на корисниците. Регулативата за ВИ, од друга страна, не ги споменува експлицитно системите за препораки, но логично имплицира дека таквите системи спаѓаат во дефиницијата на системите за вештачка интелигенција наведена во Регулатива-

25 L.L. Cabrera, *A Series on the EU AI Act Pt. 3 – Freedom of Expression* (Brussels: Center for Democracy and Technology, May 2024).

26 Ibid.

та. Во дополнителното објаснување, Регулативата за ВИ дава повеќе детали за областите во кои примената на систем за вештачка интелигенција би влегла во категоријата „висок ризик", вклучувајќи ги и случаите кога системите за препораки на систем за ВИ се користат за да влијаат на исходот од избори/референдуми. Сепак, важно е да се спомене дека Регулативата за ВИ не ја зајакнува значително строгоста на одредбите на РДУ, бидејќи РДУ веќе поставува многу строги барања за приспособување на системите за препораки на онлајн платформите.

Како заклучок, при справувањето со ризиците што ги носи примената на системите за вештачка интелигенција врз слободата на изразување и слободата на медиумите, двете регулативи користат различни пристапи, но сепак се надополнуваат. Регулативата за дигитални услуги, од една страна, ги адресира начините на кои онлајн платформите ја обликуваат содржината што се дистрибуира во онлајн просторот и на тој начин влијаат врз слободата на изразување и слободата на медиумите. Регулативата за вештачка интелигенција, од друга страна, се стреми да ги регулира базичните технологии што произведуваат содржина. Сепак, допрва треба да се види како меѓусебното дејствување на двете регулативи ќе ги реши ранливостите поврзани со медиумската сфера.

# 3. Примена на ВИ во аудиовизуелниот сектор – компаративни искуства и примери

Примената на вештачката интелигенција во аудиовизуелниот сектор нуди огромна можност за развивање на креативноста и за подобрување на ефикасноста на процесот на креирање аудиовизуелни содржини. Со појавата на генеративната вештачка интелигенција се отвори нов свет на можности, како за креаторите на оригинални аудиовизуелни содржини, така и за новинарите и медиумските работници во информативните редакции. Генеративната ВИ е технологија со која може лесно и брзо да се креираат текстови, визуелизации и други содржини што претходно биле секојдневна задача на цели редакциски тимови.

Сепак, во медиумите, како и во другите области, оваа технологија беше дочекана со ентузијазам, но и со загриженост. Од една страна, очекувањата на професионалните медиуми се дека ВИ ќе го подобри новинарството преку поддршка и олеснување на клучните задачи, особено во областите како што се истражувачкото новинарство и новинарството засновано на податоци, каде што ВИ може да помогне во побрзо и поефикасно анализирање на големи количества информации. Од друга страна, постојат многу стравувања дека содржините добиени со користење ВИ би можеле да ја поткопаат довербата на јавноста, да ги нарушат традиционалните бизнис модели и да ја девалвираат човечката експертиза, што е темел на квалитетното новинарство.

Ова поглавје започнува со разгледување на можностите што се отвораат за информативните редакции, заедно со предизвиците и можните негативни импликации и дилеми поврзани со примената на ВИ. Вториот дел дава преглед на најновите истражувања за тековната состојба со примената на ВИ во новинарската практика, а третиот дел ги истакнува примерите на познати светски редакции кои успешнно интегрирале ВИ во иновативни начини за подобрување на квалитетот и ефикасноста на продукцијата на содржини.

## 3.1 Можности и предизвици од примената на ВИ во информативните медиуми

Генерално, постои голем расчекор меѓу брзината со која напредува технологијата на системите за ВИ и капацитетите на медиумите да ги истражат, разберат и оценат потенцијалните придобивки и ризиците поврзани со примената на новите модели и алатки. Во третата година од појавувањето на *ChatGPT*, се случи огромен пресврт - од доминантното користење на ВИ како помошна алатка во првите две години, кон сè поголемо користење на системите на ВИ за создавање содржини. Истовремено, дојде до значителни подобрувања во квалитетот на услугите за автоматско преведување и транскрипција на текстови, дури и на јазиците што ги говорат малубројни популации.

Конкуренцијата во секторот на ВИ, доведе до појава на системи што се сè подостапни и за чие користење не се потребни големи вложувања, со што се намали бариерата за влез и на помали организации, вклучувајќи ги и медиумите. Долгогодишната доминација на технолошките компании од Силиконската долина беше доведена во прашање со развојот на конкурентските технолошки компании, особено од Кина. Во јануари 2025 година, беше промовиран нов голем јазичен модел *(Large Language Model)*[27], кој нуди функционалности споредливи со комерцијалните модели, но по многу пониска цена. Друга значајна новина во 2025 година е појавата на т.н. „агентска вештачка интелигенција“ *(agentic AI)*. За разлика од традиционалните ВИ-асистенти кои служат претежно како поддршка, агентската ВИ може самостојно да планира, оптимизира и извршува низа задачи за постигнување однапред дефинирани цели, без човечка интервенција. Овие модели се дизајнирани да ги оценуваат и споредуваат изворите на информации, со што потенцијално се зголемува кредибилитетот на создадените содржини. За новинарството, оваа еволуција отвора нови можности за поефикасна продукција на вести, но и сериозни прашања за уредничката контрола, верификацијата и одговорноста.

Од појавата на *ChatGPT*, медиумите ширум светот активно истражуваат, тестираат и применуваат ВИ-алатки, настојувајќи да ги искористат нивните потенцијали, а истовремено да ги избегнат ризиците и да ги зачуваат професионалните стандарди. Клучна грижа е како да се приспособат воспоставените уреднички принципи, особено оние поврзани со проверката и верификацијата на фактите - на новата реалност на содржини создадени со помош на ВИ. Водечките професионални медиуми во светот, особено јавните сервиси, се свесни дека неконтролираната употреба на вакви содржини може да доведе до ширење неточни или манипулативни информации, што би предизвикало забуна и би ја поткопало довербата на јавноста.

Во овој потфат, на европски терен, јавните сервиси имаат особена одговорност при усвојувањето на ВИ, имајќи ја предвид нивната мисија да ги претставуваат различните гледишта, да им служат на сите групи во општеството, но и да бидат отчетни пред јавноста[28]. Всушност, како и со појавата на интернетот, клучниот предизвик денес е да се утврди како генеративната ВИ може да се искористи за поддршка на оваа мисија, притоа задржувајќи ја и зајакнувајќи ја довербата на публиката. Освен интеграцијата на ВИ во сопствените процеси, јавните радиодифузери имаат и значајна улога во едукацијата на јавноста за пошироките импликации од генеративната ВИ, вклучително и за нејзиното влијание врз медиумската и информациската екосфера.

Сè полем број јавни и приватни медиуми внимателно и одговорно ги истражуваат начините за подобрување на ефикасноста на продукцијата на вести, проширување на досегот до публиката и зголемување на општата вредност на новинарството. Според една понова студија објавена од страна на Европската

27 Bertin Martens, *How DeepSeek Has Changed Artificial Intelligence and What It Means for Europe*, Policy Brief 12/2025 (Brussels: Bruegel, 2025).

28 European Broadcasting Union, *Trusted Journalism in the Age of Generative AI*, *EBU News Report* (Geneva: European Broadcasting Union, 2024).

радиодифузна унија во април 2025 година[29], новинарите и уредниците даваат корисен увид во однос на тоа како редакциите го доживуваат процесот на интеграција на ВИ во нивните работни рутини. Наодите ги прикажуваат можностите, но и грижите со кои се соочуваат медиумските професионалци во овој динамичен контекст, како што се:

- Информативните редакции сè повеќе ги користат алатките на ВИ во своите работни процеси, било преку адаптација на модели засновани на *GPT* било преку користење на ВИ функции интегрирани во нивните внатрешни системи за управување со содржини. Овие алатки го поддржуваат создавањето, уредувањето, објавувањето и дистрибуцијата на содржини на онлајн платформите. Дополнително, ВИ се користи за оптимизација на изгледот на веб-страниците за различни уреди, персонализирана достава на вести и поттикнување на содржините создадени од корисници.
- ВИ најчесто се применува за рутински и помалку комплексни задачи, како превод, транскрипција и титлување. Овие апликации доведоа до значајни подобрувања во квалитетот на содржината и продукциската ефикасност, барајќи значително помалку рачна обработка.
- Уредниците остануваат претпазливи во употребата на ВИ за создавање посложени содржини, првенствено поради загриженоста околу точноста и веродостојноста на информациите што ги генерира ВИ. Иако постојат технички решенија за справување со овие проблеми, тие најчесто бараат дополнителни ресурси. Принципот на човечки надзор *(human-in-the-loop)* останува суштински за зачувување на уредничкиот надзор и интегритетот на содржината.
- Новинарите во редакциите покажуваат сè поголем интерес за користење на ВИ-алатките. Меѓутоа, широко е распространето мислењето дека медиумите не инвестираат доволно во обуки на новинарите за ефикасно користење на ВИ во подобрувањето на квалитетот на приказните и новинарските производи[30].

Сепак, глобалното искуство покажува дека многу приватни медиуми применуваат ВИ без соодветен уредувачки надзор, без јасни насоки или транспарентност околу објавувањето содржини создадени со помош на ВИ. Таквата пракса е особено распространета во земјите каде што недостигаат ефективни национални регулаторни или саморегулаторни рамки за справување со дезинформации и заштита на авторските и сродните права на новинарите, односно медиумите. Како одговор на овие предизвици, Европската радиодифузна унија – која ги претставува јавните сервиси во Европа, неодамна покрена иницијатива за изработка на кодекс на добра практика за ВИ-платформите, со цел да се поттикне одговорна употреба на ВИ и да се заштити новинарскиот интегритет.

29 European Broadcasting Union, *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI* (Geneva: European Broadcasting Union, 2025).

30 Ibid, стр.3.

Друг сериозен предизвик со кој се соочуваат медиумите е обезбедувањето на потребните финансиски средства за инвестирање во ВИ и развој на одржливи бизнис модели за нивната примена. Повеќето специјализирани ВИ системи се комерцијални и бараат скапи лиценци или претплати кон технолошките компании. Дури и на развиените пазари, каде што медиумите имаат поголема публика, постои неизвесност дали ваквите инвестиции на долг рок ќе ја зајакнат нивната финансиска одржливост, имајќи ги предвид високите почетни и оперативните трошоци.

Во мај 2025 година, илјадници јавни и приватни медиуми ширум светот се приклучија на иницијативата *Интегритет на информирањето во добата на ВИ*[31], на Европската радиодифузна унија и Асоцијацијата на издавачи на информативни медиуми. Иницијативата ги повикува компаниите кои развиваат системи на ВИ на конструктивен дијалог и соработка со медиумските компании за борба против дезинформациите и за унапредување на принципите на професионално и кредибилно новинарство. Во фокусот на иницијативата е предложениот заеднички Кодекс на практики, заснован на пет клучни принципи[32]:

- Содржините од информативните медиуми може да се користат во генеративни ВИ-модели и алатки само со експлицитна согласност од оригиналниот креатор на содржината.
- Вредноста на навремената и квалитетната новинарска содржина мора да се препознае и надомести кога се користи од трети страни.
- Точноста и атрибуцијата се суштински: оригиналниот извор на вестите зад содржините генерирани од ВИ мора јасно да биде наведен и достапен за јавноста.
- Поттикнувањето на плурализмот на информативни медиуми значително ќе го подобри квалитетот и доверливоста на алатките засновани на ВИ.
- Технолошките компании се охрабруваат да воспостават формален дијалог со медиумите за дефинирање на стандарди за безбедност, точност и транспарентност.

## 3.2 Истражувања за примената на ВИ во информативните медиуми

Институтот Ројтерс во ноември и декември 2024 година спроведе истражување со 326 испитаници (новинари, уредници и раководни лица) од традиционални и дигитални информативни медиуми од 51 земја[33]. Истражувањето обезбедува се-

31 EBU Press Release, Media outlets worldwide join call for AI companies to help protect news integrity, May 2025.

32 Ibid.

33 Nic Newman and Federica Cherubini, *Journalism, Media, and Technology Trends and Predictions 2025* (Oxford: Reuters Institute for the Study of Journalism, University of Oxford, January 2025).

опфатен увид во тоа како генеративната ВИ ја трансформира работата на редакциите. За одбележување е тоа што 87 % од испитаниците одговориле дека во текот на 2024 година нивните редакции биле делумно или целосно трансформирани со примената на генеративната ВИ. Во некои поголеми редакции веќе биле воспоставени принципи и насоки за примена на ВИ, а биле креирани и специјализирани работни позиции за унапредување на работните процеси преку примена на ВИ.

Според анкетата на Ројтерс, примената на ВИ останува насочена, главно, кон подготвителни задачи *(back-end automation)* и користење на системите за препораки *(recommendation systems)*, наместо кон основните активности, како што се креирањето содржини и прибирањето информации. Сепак, во споредба со претходната година, во 2024 година подготвителните активности се применуваат значително повеќе, најчесто опфаќајќи изработка на резимеа, тестирање наслови, уредување текстови, транскрипција на аудио материјали, преводи, генерирање слики и слично. Севкупно, овие наоди укажуваат дека ВИ најчесто се користи како алатка за зголемување на ефикасноста и продуктивноста, без суштински да се менува начинот на кој функционираат редакциите.

Истражувањето на Ројтерс открива и дека како што медиумите стекнуваат поголема доверба кон технологијата на ВИ, се очекува сè повеќе да се насочуваат кон користење на ВИ за трансформирање на форматите на содржини, со цел подобро да се задоволат потребите на публиката (*audience-facing format transformations)*. На пример, напредокот во гласовните технологии овозможува претворање на текстуални содржини во аудио формат на повеќе јазици, при што поголемиот дел од издавачите (75 %) се изјасниле дека планираат да го прошират користењето на оваа функционалност на ВИ. Дополнително, 70 % од испитаниците планираат почесто да ја користат ВИ за изработка на резимеа на статии, над половина (56 %) планираат да применуваат чатбот или други ВИ-алатки за интеракција со публиката, а околу една третина (36 %) изразиле интерес за експериментирање преку претворање на текстуални приказни во видеоформат.

За аудиовизуелните медиуми особено се интересни можностите што ги нуди ВИ за преуредување на видеосодржините. На пример, *OpusClip AI* ги претвора долгите снимки од дебати или интервјуа во куси видеа оптимизирани за вирално споделување на платформи како *TikTok, YouTube Shorts* и *Reels*. Алатката автоматски ги избира најрелевантните клипови, го менува соодносот на ширината и висината од хоризонтален во вертикален формат и додава титлови и ефекти приспособени на платформата на која ќе се објават. Имајќи ги предвид различните платформи за дистрибуција, сосема е извесно дека ваквите можности за ефикасна пренамена на видеосодржини во иднина ќе станат сè поважни за медиумите.

Друго сеопфатно истражување беше спроведено од фондацијата Томсон Ројтерс во октомври 2024 година, при што се испитуваше примената на ВИ и ставовите на 221 испитаник од 76 земји од Глобалниот Југ и од земјите во развој[34]. Авторите на истражувањето нагласуваат дека ваквиот географски фокус е особено

34 Damian Radcliffe, *Journalism in the AI Era: Opportunities and Challenges in the Global South and Emerging Economies* (London: Thomson Reuters Foundation, January 2025).

значаен, бидејќи пристапот до технологијата и ставовите на новинарите кон неа значително се разликуваат од земја до земја. Поради тоа, истражувањето нуди важни сознанија кои се разликуваат од перспективите што вообичаено ги застапуваат земјите од Глобалниот Север и поразвиените економии.

*Примена на ВИ во редакциите*: Наодите од истражувањето покажуваат дека технологиите на ВИ се широко прифатени во голем број редакции. Повеќе од 80 % од испитаниците изјавиле дека користат ВИ во својата новинарска работа, а речиси половината дека ги применуваат алатките на ВИ во секојдневните задачи. ВИ се користи за широк спектар на активности, вклучувајќи изработка и уредување содржини, истражување, транскрипција, превод, проверка на факти и генерирање идеи. Овие алатки потенцијално им помагаат на новинарите да заштедат време, да допрат до нова публика и да ја зголемат продуктивноста. Најшироко користената алатка е *ChatGPT*.

*Ставови на вработените кон интеграцијата на ВИ*: И покрај широката примена на ВИ во информативните медиуми, само 13 % имаат усвоено внатрешни правила за нејзина примена на работното место. Речиси половина од испитаниците (47,6 %) изјавиле дека нивната компанија има неутрален став во однос на прифаќањето на ВИ во работниот процес. Околу една петтина (22,6 %) посочиле дека редакцијата активно го поттикнува користењето на ВИ, а сличен процент (24,5 %) изјавиле дека компанијата ја поддржува, но со претпазливост. Мал дел од испитаниците (5,3 %) навеле дека нивната компанија се спротивставува на интегрирањето на ВИ.

*Влијание на ВИ врз преобразбата на редакциите*: Во однос на тоа колку примената на ВИ ја трансформирала работата на редакциите, повеќе од половината испитаници (52,4 %) изјавиле дека ВИ имала значително влијание врз нивната работа во изминатите 18 месеци. Дополнителни 25,3 % посочиле дека ВИ „до некаде" влијаела на нивните работни процеси, додека помал дел (9,4 %) сметаат дека е прерано да се процени нејзиното влијание.

*Пречки за користењето на ВИ*: Нешто помалку од една петтина испитаници (18,3 %) изјавиле дека не користат ВИ. Како најчести причини за тоа се наведуваат: недостигот на знаење, недоволната обука и поддршка од редакциите, ограничениот пристап до технологијата и загриженоста за веродостојноста и точноста на содржините генерирани со ВИ. Од оние што ја користат ВИ во својата работа, повеќето (57,6 %) изјавиле дека самостојно учеле како да ја применуваат, односно дека не добиле доволно обука од редакциите. За одбележување е и тоа што испитаниците јасно ја посочиле можната пристрасност на водечките модели на ВИ, имајќи предвид дека тие се обучени претежно со податоци на англиски јазик и од западни извори. Во услови кога веќе постои дигитален јаз меѓу редакциите од развиените и помалку развиените земји, ова претставува дополнителен ризик за продлабочување на постојните разлики.

*Загриженост и ризици поврзани со користењето на ВИ во новинарството*: Новинарите, уредниците и другите медиумски професионалци опфатени со истражувањето, изразиле јасна загриженост во врска со можните долгорочни негативни проблеми

од примената на ВИ, особено во однос на влијанието врз креативноста и оригиналноста на новинарското известување (54,3 %), ерозијата на вештините за критичко размислување (51,4 %) и ризикот од зголемено ширење дезинформации (49 %).

*Ставови за иднината на ВИ во новинарството*: Иако речиси половина од испитаниците редовно користат технологии на ВИ, над половина (53,4 %) изразиле висок степен на загриженост во врска со нејзината етичка примена во новинарската индустрија. Поголемиот дел сметаат дека недостигаат јасни етички упатства, специјализирани обуки за вештачка интелигенција и регулаторна рамка дизајнирана специјално за новинарскиот сектор.

## 3.3 Примери на примена на ВИ во информативните медиуми

Во двете студии на Европската радиодифузна унија, објавени во 2024[35] и во 2025 година[36], се прикажани бројни примери кои покажуваат како информативните медиуми ширум светот експериментираат или веќе применуваат алатки на ВИ во своите редакции. Овие примери откриваат заедничка осмислена заложба на професионалните медиуми да ја интегрираат ВИ на начин што создава нова вредност за нивната публика. Во продолжение се претставени избрани примери на примена на ВИ во јавни и приватни аудиовизуелни медиуми.

**Пример 1**: *Подобрување на заштитата на идентитетот на изворите во програмите на францускиот јавен сервис* - ***France Télévisions***

Уредниците на францускиот јавен телевизиски сервис *France Télévisions*, ја искористиле ВИ за да ги подобрат техниките за анонимизација на гласот и ликот на изворите на информации, со цел заштитата на нивниот идентитет да ја направат посигурна. Во консултации со експерти, откриле дека технологијата на ВИ може да се злоупотреби за реконструкција на ликот на замаглените соговорници, со што би се загрозила нивната анонимност.

За да се намалат овие ризици, *France Télévisions* итно усвоила Повелба за добри практики, применлива за сите внатрешни и надворешни продукции. Со Повелбата се утврдува задолжителна примена на мерките за анонимност во сите фази на продукцискиот процес - од снимањето на разговорите до постпродукцијата – со користење напредни техники на маскирање на гласот и ликот на соговорниците. Покрај тоа, воведен е задолжителен онлајн модул за обука за приближно 5.000 вработени, што претставува повеќе од половина од работната сила на јавниот сервис. Дополнителните мерки за заштита вклучуваат ограничување на пристапот до аудиовизуелните архиви што се чуваат во Националниот аудиовизуелен институт на Франција *(Institut National de l'Audiovisuel)*, кој ја прекинал продажбата на сите содржи-

35 European Broadcasting Union, *Trusted Journalism in the Age of Generative AI*, *EBU News Report* (Geneva: European Broadcasting Union, 2024).

36 European Broadcasting Union, *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI* (Geneva: European Broadcasting Union, 2025).

ни што користат анонимизација. Конечно, *France Télévisions* започнала со истражување и на нови технолошки решенија за дополнително зајакнување на спроведувањето на најдобрите практики утврдени со Повелбата.

Извор: *Trusted Journalism in the Age of Generative AI*, *EBU News Report*, 2024, стр. 78

**Пример 2**: *Подобрување на спортското информирање на веб-страницата на британскиот јавен сервис –* ***BBC Sport***

Британскиот јавен сервис *BBC Sport* решил да го прошири опфатот на преносите од фудбалските натпревари на својата веб-страница, која во реално време ја информира мобилната публика за најновите спортски случувања. Претходно, уредничките тимови на *BBC Sport* мораа да ги слушаат и рачно да ги транскрибираат аудио коментарите на *BBC Sport* за да ги вклучат во своите спортски извештаи, што го ограничуваше бројот на натпревари што можеа да ги покријат.

За да го олесни процесот и да овозможи поголем обем на известување, развојниот тим на *BBC* создаде алатка што автоматски ги транскрибира коментарите во живо и, врз основа на транскриптите, извлекува релевантни цитати и генерира резимеа. Прототипот ја поврзува аудиоснимката во живо со моделот за транскрипција, а потоа транскриптот се внесува во *GPT-4*, кој создава генеративни резимеа за клучните настани и цитати што ги илустрираат тие моменти. Овие содржини, заедно со целосниот транскрипт, се доставуваат до уредниците на спортската веб-страница, кои ги уредуваат пред објавување.

Со оваа алатка биле тестирани четири пилот-формати наменети за различни целни публики. За да се обезбеди транспарентност, *BBC* ја информирал публиката дека тестира технологија на ВИ, со цел подобрување на испораката на спортски содржини. Сите пилот-формати се покажале како успешни: четирите веб-страници со преноси во живо привлекле повеќе од 900.000 прегледи.

Извор: *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI*, *EBU News Report*, 2025, стр.33.

**Пример 3**: *Генерирање нови агли на приказните според потребите на публиката на швајцарскиот јавен сервис –* ***Radio Television Suisse***

Кога еден настан се следи неколку последователни денови, пронаоѓањето свеж агол за понатамошно известување честопати претставува предизвик, во многу случаи и се занемарува. Сепак, задржувањето на интересот на публиката преку различни перспективи, е од клучно значење за редакциите. Пристапот на приспособување на аголот на приказната според специфичните потреби на публиката, првично го развил *BBC*.

Врз основа на оваа идеја, швајцарскиот јавен сервис – *Radio Television Suisse (RTS)* развил модел на ВИ обучен на разновидни извори на податоци – новинарски текстови, аудио и видеосодржини. Во моделот се вградени ба-

рањата на новинарите и принципите содржани во уредничката повелба на редакцијата. Моделот ја категоризира секоја содржина според тоа кои потреби на публиката ги задоволува, како информирање, забава, инспирација, поврзување или помош. Овој модел на ВИ е интегриран во апликацијата *BakerStreet*, која се поврзува со различни содржински податоци на *RTS*. *BakerStreet* автоматски ја анализира новата содржина и ги идентификува примарните потреби на публиката што секој материјал ги исполнува.

Интеграцијата на ВИ во апликацијата *BakerStreet* предизвикала голем интерес меѓу новинарите и продукциските тимови кои сакале подобро да разберат како нивните содржини ги задоволуваат очекувањата на публиката. Оваа алатка значително влијаела врз развојот на моделот за продукција на содржини заснован на потребите на публиката. Сепак, континуираниот уреднички придонес останува клучен: новинарите мора активно да учествуваат во проверката и усовршувањето на означените содржини, со што се подобрува точноста на резултатите на ВИ и се продлабочува нивното разбирање на потребите и интересите на публиката.

Извор: *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI*, *EBU News Report*, 2025, стр.40.

**Пример 4**: *Збогатување на радиските содржини со намалување на продукциските трошоци на приватното радио од САД* - ***Futuri AudioAI***

Во време кога медиумските буџети се намалуваат, а потребата од нови содржини расте, дел од приватните медиуми ја користат ВИ како алатка за зголемување на човечката креативност и за намалување на трошоците за продукција. Американското приватно радио *Futuri*, кое неодамна е преименувано во *Futuri AudioAI* ја користело *GPT*-технологијата за да им помогне на своите преоптоварени креативни тимови да произведуваат повеќе содржина во услови на ограничен буџет. Денес, во редовната програма се вклучени гласови генерирани со помош на ВИ за временската прогноза и куси информативни прилози. ВИ се користи и за создавање комерцијални спотови, па дури и за водење цели емисии преку т.н. ВИ-диџеи.

Повремено, радиото пополнува сегменти од програмата со клонирани гласови на своите водители. Алатката *Futuri AudioAI* овозможува репликација на нивните гласови на начин што во етерот звучи хумано и природно. Главниот предизвик им бил да се надмине монотониот говор, типичен за постарите технологии за претворање текст во говор и да се создаде говор со уникатни карактеристики и изразена емоционалност.

Програмскиот сегмент *TopicPulse* користи машинско учење за следење на трендовите во реално време на *Инстаграм*, *X (Твитер)* и *Фејсбук* и повеќе од 250.000 информативни извори, со цел да создаваат вести што се приспособени на интересите на публиката.

Извор: *Trusted Journalism in the Age of Generative AI*, *EBU News Report*, 2024, стр. 90.

**Пример 5:** *Подобрување на инклузивноста на содржините на холандскиот јавен медиумски сервис* - ***NPO/Omroep Zwart***

Една од клучните обврски на јавните радиодифузни сервиси е да ги претставуваат и да допираат до сите сегменти на општеството. Сепак, новинарството честопати тежнее кон хомогенизација на содржините, приспособувајќи ги кон потребите на мнозинската публика. Поради тоа, потребите и перспективите на одделни општествени групи честопати се занемарени или недоволно застапени во новинарските производи. За добивање повратни информации од публиката се користат фокусните групи, но тие се скапи и тешки за организација.

Холандската мултимедијална платформа *NPO/Omroep Zwart*, која е дел од јавниот радиодифузен систем на Холандија, разви иновативен проект наречен *AAVA,* со цел да го надмине недостатокот на разновидни перспективи во програмите. Со креирање на т.н. 'дигитални близнаци' - виртуелни претставувања на различни сегменти на публиката генерирани со помош на ВИ - проектот има за цел да обезбеди содржините на јавниот медиум да одразуваат поширок спектар на гледишта и искуства. Проектот користи дигитални персони генерирани и управувани со вештачка интелигенција, со цел да идентификува и интегрира перспективи што недостасуваат во креативниот процес. Проектот *AAVA* се темели на интердисциплинарна соработка меѓу истражувачи, новинари и експерти за етичка примена на ВИ. Притоа се користат модели на ВИ со отворен код (на пример *LLaMA 3* и модели базирани на *GPT* со локално приспособување), како и разновидни анонимизирани податоци за демографски, бихевиорални и контекстуални карактеристики на публиката.

Раните наоди од проектот *AAVA* покажуваат дека вака интегрираната ВИ има значителен потенцијал да послужи како дополнителна алатка на уредувачката политика на јавните медими. Овие наоди покажуваат дека информациите генерирани со ВИ можат да им помогнат на креаторите на содржини да идентификуваат погрешни репрезентации на одделни општествени групи, да ја подобрат инклузивноста и подобро да ја разберат чувствителноста на различните сегменти од публиката.

Извор: *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI*, *EBU News Report*, 2025, стр.38.

# 4. Примена на вештачката интелигенција во аудиовизуелниот сектор на Република Северна Македонија

## 4.1 Општ контекст: состојба со ВИ во медиумскиот сектор во Северна Македонија

Примената на вештачката интелигенција (ВИ) во аудиовизуелниот сектор во Република Северна Македонија се наоѓа во рана развојна фаза и, засега, претежно се реализира без стратегиски утврдени политики и воспоставена правно-институционална рамка. Таквата рамка е од суштинско значење не само за поттикнување на технолошкиот напредок, туку и за заштита на основните права и демократски вредности. Иако глобалните трендови веќе покажуваат напредна интеграција на ВИ во автоматизацијата на новинарските процеси, анализата на податоци и креирањето содржини, во домашниот контекст примената на ВИ останува фрагментирана и најчесто се заснова на изолирани и неконзистентни практики.

Во последните неколку години се преземени првични чекори кон разгледување на етичките и професионалните аспекти на употребата на ВИ во новинарството. Значаен исчекор во оваа насока претставува *Регионалната декларација „ВИ како помош, никогаш како замена за човечка проценка“*[37], усвоена во мај 2025 година во Охрид, од советите за медиумска етика од Западен Балкан и Турција. Оваа Декларација ја нагласува важноста на транспарентноста, јасното означување на алгоритамски генерираните содржини и задолжителните процени на ризик, особено во чувствителни општествени контексти.

Формирањето на здружението ВИ сега *(AI Now)*[38] дополнително придонесува кон подигнување на јавната свест и развивање експертиза за одговорна употреба на ВИ. Во неговата публикација *„Етика и пристрасност во вештачката интелигенција“*[39] здружението го нагласува клучното значење на медиумите во промовирањето правичност и транспарентност при користењето на ВИ, преку информирање на јавноста и поттикнување критичка рефлексија за нејзините етички димензии.

Паралелно, во земјата се одвива процес на темелна ревизија и ажурирање на Кодексот на новинарите[40], во кој учествуваат Здружението на новинарите на Маке-

37 Совет за етика во медиумите на Македонија, *Регионална декларација – вештачката интелигенција како помош никогаш како замена за човечка проценка*, 2025.

38 Здружението е формирано во 2025 година, а неговата мисија е да го поттикне истражувањето, развојот, едукацијата, како и етичката употреба на ВИ во државата.

39 Сефери, Суад; Џигал, Сеад; Аџаип Величковски, Сања (2025), *Етика и пристрасност во вештачката интелигенција: Предизвици и можности за Република Северна Македонија и за регионот*. (Скопје: ВИ СЕГА - Асоцијација за вештачка интелигенција).

40 Здружение на новинарите на Македонија, Кодекс на новинарите на Македонија.

донија (ЗНМ), Советот за етика во медиумите (СЕММ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ). Една од клучните новини во оваа ревизија е предвидувањето на посебни одредби за етичката примена на ВИ во медиумите, со што се поставуваат темелите за одговорна употреба на новите технологии и за заштита на јавниот интерес.

Во рамките на оваа иницијатива, МИМ ја подготви и објави анализата „*Од глобални искуства до локални стандарди: Етички предизвици и решенија во новинарството*"[41], која нуди компаративен преглед на меѓународните практики и ги идентификува клучните области за унапредување на медиумската етика во национален контекст. Анализата особено се фокусира на предизвиците што ги носат новите технологии и ВИ, истакнувајќи ја потребата од дополнување на Кодексот со јасни правила за транспарентност, спречување на алгоритамска пристрасност и заштита на плурализмот. Истовремено, публикацијата на ЗНМ насловена „*Темелна ревизија на актуелните практики за етика во новинарството во Северна Македонија*"[42] укажува дека, и покрај високото ниво на свесност за потенцијалните ризици од автоматизацијата и ВИ, во редакциите сè уште недостигаат формализирани политики или внатрешни протоколи за нивна одговорна употреба.

Во контекст на овие истражувачки наоди и констатирани празнини во политиките, активностите на Институтот за комуникациски студии (ИКС)[43] претставуваат значаен придонес во продлабочувањето на критичката јавна расправа и поттикнувањето интерсекторски пристап кон медиумската писменост и одговорната интеграција на ВИ. Преку организирање специјализирани настани и едукативни платформи, ИКС го проширува експертскиот увид и овозможува поширока вклученост на академската и граѓанската заедница во процесите на утврдување и адресирање на етичките ризици.

Во таа насока, иницијативите на Фондацијата Метаморфозис, како што е дебатата „Етиката во вештачката интелигенција: Балансирање помеѓу иновациите и заштитата на човековите права на интернет"[44], ја нагласуваат важноста на транспарентноста и одржувањето високи етички стандарди при воведувањето на ВИ во процесот на продукција на новинарски содржини.

Иако овие иницијативи претставуваат значајни индикатори за растечката свест и подготвеноста на професионалната заедница да ги адресира предизвиците што ги носат новите технологии, сепак саморегулацијата во оваа фаза останува ограничена, главно на ниво на општи заложби и декларативна поддршка. Овие празнини ја нагласуваат потребата од подлабока дискусија за развивање функ-

41 Марина Тунева, *Од глобални искуства до локални стандарди: Етички предизвици и решенија во новинарството* (Скопје: Македонски институт за медиуми, 2024).

42 Александар Манасиев, *Темелна ревизија на актуелните практики за етика во новинарството во Северна Македонија* (Скопје: Здружение на новинарите на Македонија, 2024).

43 Види повеќе: Меѓународен симпозиум „Медиумската писменост во доба на вештачката интелигенција: проширување на границите на возможното", Институт за комуникациски студии, февруари 2024.

44 Види повеќе: „*Етиката во вештачката интелигенција: Балансирање помеѓу иновациите и заштитата на човековите права на Интернет*", Метаморфозис, ноември 2023.

ционални политики, јасно дефинирани протоколи и структури за континуирана едукација. Ваквиот пристап би поставил темели за посистематска и одговорна интеграција на ВИ во медиумскиот сектор, со што би се заштитил јавниот интерес и би се унапредила професионалната автономија на новинарите.

## 4.2 Одлуки и стратегии за имплементација на ВИ

Управувањето со интеграцијата на вештачката интелигенција во редакциите бара промислен и стратегиски пристап, заснован на јасно дефинирани етички вредности, мисија и јавен интерес што медиумите треба да ги штитат при исполнувањето на својата општествена улога. Според Насоките на Советот на Европа за одговорна примена на ВИ во новинарството[45], клучно е одлуките за воведување на ВИ да бидат предводени од уредниците, на транспарентен и стратегиски начин, усогласен со пошироката мисија и вредности на медиумите.

### *Отсуство на стратегиски пристап и формализирани политики во редакциите*

Во редакциите во аудиовизуелниот сектор во Република Северна Македонија, стратегиските политики за примена на ВИ речиси целосно недостигаат. Интервјуираните новинари и уредници потврдуваат дека примената на ВИ во моментов сè уште се заснова на лични иницијативи и ад хок одлуки, без унифицирани внатрешни политики или формализирани процедури. Како што забележа еден соговорник: „Немаме формална политика за ВИ, користењето е повеќе љубопитност отколку резултат на стратегиска визија“[46]. Овој недостиг ја нагласува длабоката празнина меѓу глобалните препораки и локалните практики, создавајќи услови за несоодветна или непредвидлива употреба на ВИ во редакциите, што дополнително го зголемува ризикот од етички и професионални компромиси.

Отсуството на системски пристап доведува до тоа вештачката интелигенција да се перципира и применува претежно како техничка алатка за олеснување на рутинските оперативни задачи, наместо како интегриран дел од пошироката уредничка стратегија и вредносниот систем на редакцијата. Една од најизразените структурни слабости во домашните редакции е токму недостигот на формализирани политики и унифицирани интерни протоколи за примена на ВИ, што го ограничува капацитетот на редакциите да обезбедат конзистентност и да изградат доверба со публиката. Ваквиот ограничен и фрагментиран пристап ја намалува способноста на редакциите да воспостават стабилна комуникација и кредибилитет со јавноста, да обезбедат континуиран и одржлив квалитет, како и да го зајакнуваат интегритетот на содржините во медиумскиот екосистем, кој сè повеќе се обликува од алгоритамските процеси.

Дополнително, согледувањата добиени од интервјуираните новинари во оваа анализа откриваат слични предизвици како оние опишани во овогодинешниот

45 Совет на Европа, Guidelines on the responsible implementation of artificial intelligence (AI) systems in journalism (Стразбур: Совет на Европа, март 2024).

46 Интервју со новинарка во национална ТВ, реализирано на 27.05.2025.

Глобален извештај на Европската радиодифузна унија[47], каде што се истакнува дека, и покрај ентузијазмот на одредени новинари и уредници да експериментираат со ВИ, организациските структури и заедничките политики остануваат недоволно развиени. Ваквиот модел на *лична иницијатива без централизирана визија* води кон фрагментирана примена и неконзистентни стандарди, наместо кон координиран и стратегиски управуван развој.

## *Улогата на уредништвото е клучна*

Еден од клучните предуслови за одговорна имплементација на ВИ, е активно и стратегиско учество на уредништвото, придружено со јасно дефинирана координација на процесите. Според *Насоките на Советот на Европа за одговорна примена на ВИ во новинарството*, конечната одговорност за интеграцијата на ВИ треба да ја имаат уредниците и раководните структури, кои се најповикани да ја штитат редакциската независност и јавниот интерес. Сепак, согледувањата од теренот покажуваат дека во голем број редакции нема назначени лица или посебни оддели кои би ја презеле оваа стратегиска и етичка одговорност[48]. Таквиот вакуум води кон фрагментирано носење одлуки и ја зголемува изложеноста на непредвидливи и ризични ситуации кои можат да произлезат од инцидентното користење на ВИ во продукцискиот процес.

Понатаму, отсуството на таканаречен *носител на процесот (process owner)*, концепт којшто го препорачува Советот на Европа, укажува на тоа дека во редакциите нема назначена фигура или тим кој би ги интегрирал технолошките, етичките и правните аспекти во единствена и кохерентна стратегија. Овој носител на процесот би имал клучна задача во дефинирањето јасни уреднички политики, воспоставувањето систем за континуиран мониторинг и проценка, како и во обезбедувањето ефективна координација меѓу различните сектори и професионални профили во редакцијата[49]. Отсуството на ваква структура доведува до дифузна одговорност и ограничен капацитет за проактивно управување со ризиците, со што се намалува способноста на редакциите да го зачуваат професионалниот интегритет и довербата на јавноста.

## *Проценка на ризиците и транспарентност*

Еден од основните столбови нагласени во *Насоките на Советот на Европа за одговорна примена на ВИ во новинарството*, е обврската медиумите да спроведат сеопфатна и систематска проценка на ризиците пред воведување на ваквите технологии. Овој процес подразбира длабинска анализа на потенцијалните ризици за точноста и веродостојноста на содржината, заштитата на приватноста, појавата на алгоритамска пристрасност, како и пошироките импликации врз човековите права и јавниот интерес.

47 EBU, *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI* (Женева: European Broadcasting Union, 2025).

48 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ, реализирано на 13.6.2025.

49 Совет на Европа, Guidelines on the responsible implementation of artificial intelligence (AI) systems in journalism, (Стразбур: Council of Europe, март 2024).

Во локален контекст, согледувањата од интервјуираните експерти недвосмислено укажуваат дека во редакциите сè уште не се воспоставени механизми за проценка на ризици. Иако постои одредена свесност за потенцијалните ризици, таа најчесто останува на ниво на индивидуални перцепции или лични проценки, наместо да биде преточена во систематизирани и стандардизирани процедури во рамки на редакциските практики[50]. Ова се потврдува и во анализата „*Темелна ревизија на актуелните практики за етика во новинарството во Северна Македонија*“[51], каде што се истакнува дека, и покрај зголемената свест кај уредниците и новинарите, недостигаат формални политики и протоколи што би овозможиле систематско управување со ризиците и нивна редовна проценка. Дополнително, анализата на МИМ насловена „*Од глобални искуства до локални стандарди: етички предизвици и решенија во новинарството*“[52], посочува дека одржувањето на интегритетот на медиумите зависи од способноста на редакциите да дејствуваат проактивно и навремено да ги идентификуваат и адресираат ризиците што произлегуваат од примената на новите технологии, особено во чувствителни и високоризични општествени контексти.

Истовремено, согледувањата на експертите ја потенцираат и важноста од внимателна, повеќекратна и независна верификација на секоја содржина создадена или поддржана од алатки на ВИ. Недостигот на формализирани механизми може да придонесе за ширење дезинформации и дополнително да го зголеми ризикот од маргинализација на одредени групи, особено кога алгоритмите се обучувани врз ограничени или пристрасни податоци. Прекумерната употреба на ВИ во продукцијата на новинарските содржини, пак, носи ризик од т.н. „*когнитивно растоварување*“, феномен при кој постепено ослабуваат креативните и аналитичките капацитети на новинарите, што ја намалува нивната способност за критичко размислување и заштита на јавниот интерес[53].

Глобалните искуства уште повеќе ја истакнуваат потребата од транспарентни и јавно достапни политики, како клучен предуслов за заштита на етиката и на јавниот интерес, особено во помали и ранливи медиумски пазари каде што ресурсите и експертизата се ограничени[54]. Ваквите политики бараат поефикасна внатрешна контрола во редакциите, што директно придонесува за јакнење на позитивната јавна перцепција за професионалноста, кредибилитетот и одговорноста на медиумите. Од друга страна, истражувањата на Европската радиодифузна унија[55] предупредуваат дека преголемата транспарентност, особено при

---

50 Интервју со Билјана Петковска, директорка на МИМ, реализирано на 14.6.2025.

51 Александар Манасиев, *Темелна ревизија на актуелните практики за етика во новинарството во Северна Македонија* (Скопје: Здружение на новинарите на Македонија, 2024).

52 Марина Тунева, *Од глобални искуства до локални стандарди: Етички предизвици и решенија во новинарството.* (Скопје, Македонски институт за медиуми, 2024).

53 European Broadcasting Union, *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI* (Geneva: European Broadcasting Union, 2025).

54 Euractiv, *Clear Policies for AI in Journalism, Imperative for Ethics*, 2024.

55 European Broadcasting Union, *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI* (Geneva: European Broadcasting Union, 2025).

објаснувањето на техничките аспекти за функционирањето на ВИ, може да има контраефект и да предизвика збунетост и намалување на довербата кај публиката. Затоа, препорачливо е фокусот да биде насочен кон истакнување на човечката одговорност, уредничката контрола и финалната проверка на содржината, наместо кон претерано технички објаснувања.

Иако дел од новинарите во државата веќе користат ВИ за технички задачи, како автоматизирана подготовка на извештаи, транскрипции или креирање резимеа, тие укажуваат дека сè уште немаат официјални документи или уреднички насоки што ја дефинираат одговорната и етичка примена на ВИ во редакциите[56].

Како што се потврдува и во глобалните анализи[57], недоволната верификација на содржините произведени или поддржани со ВИ, во комбинација со потенцијалната пристрасност на алгоритмите, создава услови за некритичко пласирање информации, што можат да имаат сериозни последици врз јавниот дискурс, интегритетот на медиумите и довербата на јавноста.

### *Системски ризици и деструктивен потенцијал на ВИ*

Покрај техничките и оперативните предизвици, вештачката интелигенција носи и сериозни системски ризици, кои можат да имаат долгорочни, тешко мерливи и честопати невидливи последици врз медиумите и општеството во целина. Како што укажува еден од интервјуираните експерти, ВИ нема вграден морален компас или етички механизми што би ѝ овозможиле самостојно да ја процени вистинитоста, контекстот или етичноста на создадените и пренесените содржини. Ваквиот недостаток отвора простор за автоматизирање и масовно ширење на пропагандни и манипулативни наративи, кои можат лесно да се инфилтрираат во јавниот дискурс, особено во општества со ниско ниво на медиумска писменост и висока ранливост на дезинформации[58].

Дополнително, примената на ВИ може да биде злоупотребена како алатка за сајбер-булинг, дигитално жигосување и засилување на стереотипи, со што се зголемува ризикот од маргинализација, психолошка штета и социјална исклученост, особено кај младите и кај другите ранливи групи. Како што метафорички истакна еден од експертите: „Ако нуклеарната технологија има експлозивен потенцијал да уништи, вештачката интелигенција има имплозивен потенцијал, сличен на вирус, што навлегува во системот и го разорува однатре“[59]. Овој имплозивен карактер на ВИ укажува дека штетата може да биде тивка, постепена и длабинска, нарушувајќи ја јавната доверба и поткопувајќи ги демократските вредности.

---

56 Интервју со новинарка во национална телевизија, реализирано на 26.5.2025.

57 Damian Radcliffe, *Journalism in the AI Era: Opportunities and Challenges in the Global South and Emerging Economies* (Лондон: Thomson Reuters Foundation, January 2025).

58 Интервју со Сеад Џигал, комуниколог, реализирано на 19.6.2025.

59 Ibid.

### *Инклузивност и партиципативен модел како предуслов за одговорна интеграција на ВИ*

Еден од фундаменталните принципи за успешна, одговорна и етичка интеграција на вештачката интелигенција во медиумите, е воспоставувањето инклузивен и партиципативен модел на одлучување, кој активно ги вклучува сите релевантни чинители. Таквиот модел не само што овозможува поголема транспарентност, туку и ја поттикнува колективната одговорност и промовира создавање заеднички стандарди за работа со новите технологии.

Овој партиципативен пристап придонесува за развој на внатрешна култура на отчетност и овозможува формулирање на политики усогласени со уредничките вредности и очекувањата на јавноста[60]. Тој претставува противтежа на централизирани, технократски модели на управување, во кои одлуките се носат изолирано, без доволно вклучување на стручната и новинарската заедница.

Наодите од спроведените интервјуа во оваа анализа дополнително ја потврдуваат потребата од таков модел. Речиси сите соговорници нагласуваат дека е неопходно активно вклучување на различни професионални профили, новинари, уредници, технолози, правни експерти и претставници на јавноста, во процесите на одлучување поврзани со интеграцијата на ВИ. Во моментот, во практиката доминира изолиран и ад хок пристап, кој резултира со отсуство на колективна одговорност и со зголемена скептичност на новинарите кон технологијата. Соговорниците предупредуваат дека без активно учество на сите овие групи, напорите за градење етичка и одговорна примена на ВИ, ризикуваат да останат само на декларативно ниво, без реална и практична основа.

Посебно е важно да се нагласи дека јавноста не треба да биде пасивен примател на информации, туку активен партнер и критички коректив кој придонесува кон зајакнување на демократскиот надзор и јавната доверба. Од Советот за етика во медиумите[61] истакнуваат дека вклучувањето на сите релевантни актери, новинари, уредници, правници, технолози и граѓани, е суштински предуслов за градење долгорочна доверба и спречување на можни злоупотреби. Овој став е во согласност и со Анализата на Националната унија на новинари од Обединетото Кралство (*National Union of Journalists, NUJ)*[62], каде што се потенцира дека партиципативниот модел не само што овозможува посилна контрола и надзор, туку и создава чувство на заедничка сопственост и поголема подготвеност за справување со потенцијални кризи кои можат да произлезат од неконтролирана или непромислена употреба на ВИ.

Дополнително, и другите интервјуирани експерти, претставници на професионалната медиумска заедница и универзитетски професори, укажуваат на потребата од пошироко консултирање и активно вклучување на граѓанскиот сектор и академ-

60 Beatriz Gutiérrez-Caneda, Carl-Gustav Lindén, and Jorge Vázquez-Herrero, "Ethics and Journalistic Challenges in the Age of Artificial Intelligence: Talking with Professionals and Experts," *Frontiers in Communication* 9 (2024): 1465178.

61 Интервју со Биљана Спасеска-Георгиевска, извршна директорка на СЕММ, реализирано на 25.6.2025.

62 National Union of Journalists (NUJ), *Artificial Intelligence: NUJ Ethics Guidelines for AI Use in Journalism*, 2024.

ската заедница во процесот на креирање политики. Ваквиот пристап би овозможил балансирана, одржлива и општествено прифатлива интеграција на ВИ во медиумите, во согласност со јавниот интерес и високите професионални стандарди.

### *Доверба, кредибилитет и јавна перцепција: столб на легитимноста на ВИ во медиумите*

Практиката во аудиовизуелниот сектор во државата укажува дека интеграцијата на вештачката интелигенција се одвива без формализирани политики за транспарентност и без воспоставени структури за информирање на јавноста. Ова прашање добива посебна тежина во контекст на историски нарушената доверба во медиумите, што е резултат на долготрајни политички влијанија, економски притисоци и ниско ниво на етички и професионални практики. Според согледувањата на интервјуираните експерти, без отворена комуникација и искрена транспарентност кон публиката, заложбите за етичка работа ризикуваат да останат на декларативно ниво, со што директно се загрозува долгорочната кредибилност и легитимност на медиумите[63].

Недостигот на јасно означување на содржините создадени или поддржани од ВИ, како и отсуството на објаснување на уредничките одлуки и методолошките пристапи, создава сериозен потенцијал за недоразбирања, погрешни перцепции и конфузија кај јавноста. Овој вакуум ја намалува способноста на медиумите да изградат стабилна, доверлива и одржлива врска со публиката. Во вакви услови, публиката е изложена на зголемен ризик да ја перципира употребата на ВИ како средство за манипулација или како показател за скриени уреднички агенди, што дополнително ја еродира довербата и ја намалува легитимноста на медиумските содржини.

Глобалните анализи дополнително укажуваат дека недостигот на транспарентни и јасно достапни упатства за користење на ВИ, значително ја засилува скептичноста кај јавноста и го поткопува кредибилитетот на медиумите[64]. Истовремено, современата публика сè повеќе очекува проактивно и транспарентно информирање од медиумите за тоа кога и како се користи ВИ, придружено со јасно визуелно означување и детално објаснување за влијанието на технологијата врз финалниот новинарски производ[65]. Ваквиот модел на транспарентност не само што е клучен за заштита на јавниот интерес, туку претставува и основен предуслов за зачувување и јакнење на професионалниот интегритет, како и за долгорочно обновување на довербата во медиумите.

## 4.3 Реална примена и редакциски практики

Иако стратегиските и етичките аспекти на интеграцијата на вештачката интелигенција во медиумите сè уште се во почетна фаза, согледувањата од теренот откриваат дека одредени форми на ВИ, веќе се применуваат во редакциите, најчесто на индивидуално и експериментално ниво. Оваа примена не произлегува од

63 Интервју со Дејан Георгиевски, претседател на Центарот за развој на медиуми, реализирано на 16.6.2025.

64 Rande Price, *Journalists Confront the Reality of Media Use of AI* (Digital Content Next, 2025).

65 Omdena, *The Ethical Role of AI in Media: Combating Misinformation*, 2023.

систематски дефинирани политики или уреднички стратегии, туку претежно од лична иницијатива на поединечни новинари и технички тимови. Како резултат на тоа, користењето на ВИ е крајно хетерогено и честопати непредвидливо, со значителни разлики меѓу редакциите.

### *Технички и оперативни форми на примена*

Според соговорниците во ова истражување, доминатната употреба на ВИ во моментот се сведува на техничка и оперативна поддршка. Таа најчесто опфаќа подготовка на резимеа, автоматизирана транскрипција на аудио и видео материјали, анализа на големи сетови податоци, генерирање графики и визуелни елементи, како и креирање предлози за наслови или шпици. „Ја користам ВИ за побрзо креирање табели и резимирање податоци, но секогаш со дополнителна рачна проверка, бидејќи честопати има грешки“[66], истакнува една соговорничка. Овој став ја одразува претпазливоста на новинарите и свесноста за важноста на финалната човечка проверка.

Друг соговорник објаснува дека ВИ во моментот се користи главно за визуелни и продукциски задачи, вклучително и за креирање анимации, виртуелни сетови или симулации на присуство на настани. Иако ваквата примена значително заштедува време и ресурси, неопходна е финалната уредничка контрола пред објавување на содржината.

Овие искуства укажуваат дека ВИ сè уште се перципира главно како поддржувачка технологија, а не како суштинска алатка за создавање основна новинарска содржина или за зајакнување на интеракцијата со различните сегменти на публиката. Таквиот пристап, иако во моментот ја намалува непосредната опасност од дезинформации, истовремено ја открива неподготвеноста за поширока, стратегиска и долгорочна интеграција на ВИ во уредувачките процеси насочени кон подобрување на квалитетот и разновидноста на содржините.

Иако повеќето соговорници ги препознаваат придобивките од автоматизацијата, како заштеда на време и побрза анализа на податоци, тие изразуваат загриженост за зачувувањето на квалитетот, автентичноста и креативниот пристап во новинарската работа. Одржувањето на човечката перспектива и критичкото размислување, се сметаат за клучни предизвици, особено во контекст на општество со веќе нарушена доверба во медиумите.

Дополнително, новинарите посочуваат дека недостигаат унифицирани политики и организирани обуки, што би овозможиле поефективна и конзистентна примена на ВИ. Наместо координиран и интегриран пристап, технологијата во моментот се користи фрагментирано и индивидуално, што ја намалува нејзината стратегиска вредност и ја зголемува изложеноста на етички и професионални ризици. Слично на тоа, во Извештајот на Европската радиодифузна унија се нагласува дека без централизирани протоколи и внатрешна координација, редакциите ризикуваат да останат заглавени во модел на „спонтана употреба“, наместо да преминат кон долгорочно планирана интеграција.

66 Интервју со новинарка во национална ТВ, реализирано на 27.5.2025.

Во споредба со европските медиуми, каде што ВИ веќе се интегрира преку централизирани системи поддржани со јасни протоколи и континуирани обуки, во Република Северна Македонија технологијата сè уште се перципира главно како „помошна алатка“, а не како стратегиски ресурс. Сепак, соговорниците признаваат дека сегашната примена може да се разгледува како „влезна точка“ кон идни посложени форми на интеграција, особено во истражувачкото новинарство, анализата на трендови и развојот на интерактивни мултимедијални формати. Меѓутоа, без јасно дефинирани интерни политики, стручни обуки и механизми за уреднички надзор, ризикот од неетичка или несоодветна употреба, останува реален.

### *Лична иницијатива и одговорност*

Недостигот на формализирани уреднички политики и протоколи ја префрла целата одговорност за правилна и етичка примена на ВИ врз индивидуалните новинари. Ваквиот модел создава услови за нерамномерни практики и различни толкувања на границата меѓу техничката поддршка и продукцијата на клучните содржини. Како што забележуваат соговорниците во оваа анализа, ВИ честопати се користи за истражување или брз увид во теми, но „никогаш за целосно пишување на текстови, бидејќи публиката ја чувствува автентичноста и тоа е многу важно“[67]. Овој став не само што ја потенцира потребата од задржување на човечката интервенција и критичката анализа, туку ја открива и системската слабост на редакциите во обезбедување колективна координација и уредничка контрола.

Покрај тоа, во повеќе редакции постои културна бариера и отпор кон ВИ, особено кај поискусните новинари кои покажуваат поголема скептичност кон технолошките иновации. Ваквиот став создава чувство на стигма кај помладите новинари, кои, иако ја користат ВИ како алатка за поддршка, честопати се перципираат како „помалку способни“ или „премногу зависни од технологијата“. Ова дополнително го отежнува воспоставувањето колективна стратегија и заеднички стандарди за користењето на ВИ.

Еден од клучните ризици што произлегува од овој индивидуализиран пристап се однесува на прашањата за авторските права и интегритетот на содржината. Како што укажуваат експертите „не е етички ако некој преку ВИ алатка преработи текст или фотографија и ги потпише како свои“[68]. Ваквата практика не само што претставува сериозно прекршување на етичките стандарди, туку директно го нарушува и моралното и материјалното авторско право, изложувајќи ги редакциите на потенцијални правни последици и судски постапки за повреда на интелектуалната сопственост.

Недостигот на унифицирани протоколи ја засилува зависноста од индивидуалните одлуки, оставајќи ги новинарите сами да носат сложени етички проценки и секојдневно да ја определуваат сопствената одговорност и влијанието на нивната работа. Како што покажуваат резултатите од глобалното истражување на

67 Интервју со новинарка во национална телевизија, реализирано на 30.5.2025.

68 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ, реализирано на 13.6.2025.

Фондацијата Томсон Ројтерс[69], дури 79 % од новинарите работат без формални политики за употреба на ВИ, а само 13 % следат официјални уреднички насоки. Иако ваквата слика не е единствена за Северна Македонија, таа јасно ја нагласува потребата од итно формализирање на внатрешните политики и протоколи за користење на ВИ.

Глобалните насоки, вклучително и препораките на Советот на Европа, систематски ја истакнуваат потребата од воспоставување јасни рамки за отчетност, назначување посебни одговорни лица или тимови и развивање ефективни механизми за мониторинг. Таквите мерки не само што ја намалуваат зависноста од личните проценки, туку овозможуваат поефикасно следење на имплементацијата и влијанието на технологијата врз новинарската практика.

Конечно, отсуството на структурирани политики и колективен надзор, не само што ја префрла психолошката и професионалната тежина врз поединците, туку и ја поткопува културата на заедничка одговорност, ја намалува организациската поддршка и го ослабува капацитетот на редакциите да го заштитат јавниот интерес и да ја одржат довербата на јавноста.

### *Бариера: ограничени ресурси и техничка поддршка*

Како што укажуваат соговорниците, ограничените финансиски и технички ресурси претставуваат една од најсериозните бариери за поширока, стратегиска и одговорна интеграција на вештачката интелигенција во редакциите. Недостигот на кадар со специјализирани знаења, отсуството на техничка поддршка и слабата инфраструктура, значително го ограничуваат капацитетот на редакциите да користат ВИ на посеопфатен и интегриран начин.

Еден од соговорниците нагласува дека „постои сериозен проблем со недостиг на кадар кој може да ја разбере и правилно да ја користи ВИ. Повеќето новинари немаат техничка поддршка, па мораат сами да експериментираат“[70], при што се зголемува ризикот од импровизации и несакани последици. Ваквата состојба дополнително ја ослабува способноста на редакциите да одржуваат високи стандарди на точност, транспарентност и етичност.

Дополнително, согледувањата на експертите укажуваат дека многу редакции се соочуваат со ограничени можности за развој на сопствени алатки или за имплементација на покомплексни технолошки решенија[71]. Овој недостиг ја намалува автономијата на редакциите и ја зголемува нивната зависност од комерцијални апликации, кои не секогаш се приспособени на локалниот контекст и можат да бидат во спротивност со етичките стандарди и професионалните практики.

Покрај техничките ограничувања, забележан е и сериозен недостиг на континуирана обука и формализирани програми за професионален развој. Како што

69 Damian Radcliffe, *Journalism in the AI Era: Opportunities and Challenges in the Global South and Emerging Economies* (London: Thomson Reuters Foundation, January 2025).

70 Интервју со Дејан Георгиевски, претседател на Центарот за развој на медиуми, реализирано на 16.6.2025.

71 Ibid.

истакнува друг соговорник „за ВИ не е доволно само да знаеш како да ја активираш алатката. Треба да ги разбереш етичките и професионалните стандарди што стојат зад неа“[72]. Овој став ја нагласува неопходноста од подлабоко разбирање на етичките, правните и уредничките импликации од примената на ВИ. Повеќе соговорници, исто така, посочуваат дека секоја редакција треба да има барем еден вработен со напредни познавања од оваа област, кој би можел да ја следи и координира употребата на технологијата. Ова укажува на потребата од систематско градење капацитети и активно вклучување на различни профили - технички, уреднички и правни - во процесот на интеграција на ВИ.

Како што беше претходно нагласено, недостигот на стручни обуки и интерни програми ја поткопува колективната одговорност и ја пренесува тежината на одлуките врз индивидуалните новинари, со што се зголемува стресот и ризикот од етички пропусти и професионални грешки. Овој предизвик уште повеќе ја потенцира потребата од стратегиски инвестиции во човечки ресурси, развој на структури за континуирана едукација и воспоставување јасни и предвидливи политики за поддршка при користење на ВИ.

### *Потреба од развивање формални политики и интерни протоколи*

Во услови кога вештачката интелигенција сè повеќе се интегрира во медиумските процеси, отсуството на формални политики и интерни протоколи создава сериозен институционален и професионален вакуум. Како што посочуваат соговорниците, „ваквиот вакуум ја остава ВИ во сива зона, каде што личната одговорност станува единствениот механизам за надзор и контрола, што дополнително ја зголемува ранливоста на редакциите“[73]. Недостатокот на формализирани рамки ја намалува способноста за систематско управување со ризиците и го изложува медиумскиот сектор на сериозни етички и професионални компромиси. Отсуството на унифицирани политики и протоколи, не само што ја ослабува културата на колективна одговорност, туку и го зголемува професионалниот товар врз новинарите, кои се оставени сами да се справуваат со сложени технолошки и етички дилеми.

Во споредба со бројни меѓународни медиуми, каде што ВИ веќе се интегрира врз основа на јасно дефинирани политики и протоколи, редакциите во државава значително заостануваат. Во многу европски и американски медиуми се воспоставени обврзувачки протоколи кои вклучуваат прецизни насоки за означување на содржини генерирани или поддржани од ВИ, детално дефинирање на областите каде што употребата е дозволена или строго ограничена, како и воспоставување на позиции или тимови одговорни за мониторинг и континуирана проценка на влијанието на ВИ врз уредничките процеси[74]. Овие системи придонесуваат за конзистентна примена на етичките стандарди, намалување на ризиците од манипулација и зајакнување на јавната доверба кон медиумите.

72 Интервју со Сеад Џигал, комуниколог, реализирано на 19.6.202.5

73 Интервју со Билјана Петковска, директорка на МИМ, реализирано на 14.6.2025.

74 Kim Björn Becker, Felix M. Simon, and Christopher Crum, “Policies in Parallel? A Comparative Study of Journalistic AI Policies in 52 Global News Organisations.” *Digital Journalism*, 2024, 1–21.

Глобалните искуства, вклучително и анализите на *Digital Content Next*[75], потврдуваат дека недостигот на унифицирани протоколи на меѓународно ниво ја намалува довербата на јавноста и отвора простор за злоупотреби и манипулации. Во македонскиот контекст, како што потврдуваат соговорниците, ваквите механизми сѐ уште се на ниво на јавна дебата и индивидуални иницијативи, без воспоставени систематски и унифицирани уреднички стандарди. Отсуството на колективно воспоставени правила го отежнува воспоставувањето култура на отчетност и ја зголемува ранливоста на медиумите на политички, економски и технолошки влијанија.

Во вакви услови, развојот на формализирани политики и интерни протоколи претставува клучен предуслов за долгорочно зачувување на професионалниот интегритет, градење на јавната доверба и заштита на јавниот интерес. Добар пример за ваков пристап претставува *BBC*[76], кој во своите принципи за користење на ВИ воспоставува јасни стандарди за фер, доверлива и одговорна примена на технологијата, со нагласен фокус на транспарентноста, заштита на приватноста, континуираниот човечки надзор и јасно дефинираната одговорност. Оттаму, приспособувањето и интеграцијата на добрите глобални практики, се неопходен предуслов за долгорочно зајакнување на професионалниот кредибилитет, унапредување на медиумската отпорност и ефективна заштита на јавниот интерес во дигиталната ера.

75 Rande Price, *Journalists Confront the Reality of Media Use of AI* (Digital Content Next, 2025).

76 BBC. *BBC AI Principles*. February 2024.

# 5. Заклучни согледувања и препораки

## 5.1 Усогласување со правните инструменти на Советот на Европа и на ЕУ

Како земја членка на Советот на Европа, Република Северна Македонија се има обврзано да ги применува сите правни инструменти усвоени од неговите тела и институции. Еден од клучните документи во оваа област е *Рамковната конвенција на Советот на Европа за вештачката интелигенција*, која претставува правно обврзувачки инструмент создаден за да обезбеди усогласеност на системите за вештачка интелигенција со човековите права, демократските принципи и владеењето на правото.

Конвенцијата беше отворена за потпишување во септември 2024 година, а до крајот на јуни 2025 година, од балканските земји, само Црна Гора ја има потпишано. Имајќи го предвид значењето на овој документ за регулирањето на трансформативната улога на вештачката интелигенција во демократското општество, како и стратегиската определба на РСМ да ги следи приоритетите и целите на Советот на Европа, неопходно е надлежните институции да ја започнат постапката за потпишување и ратификација на Конвенцијата.

Потпишувањето на Конвенцијата има особено значење и во процесот на интеграција кон Европската Унија, бидејќи овој документ е целосно компатибилен со *Регулативата за вештачка интелигенција* на ЕУ. Надлежното Министерство за дигитална трансформација треба да го земе предвид значењето на овие два правни инструмента при започнувањето на најавениот процес на медиумски реформи, во рамки на кој е предвидено усогласување на националната легислатива со европскиот регулаторен пакет, а особено со *Регулативата за дигитални услуги* и *Европската регулатива за слобода на медиумите*.

Покрај овие стратегиски чекори на ниво на правна хармонизација, постои простор за преземање итни дејствија на национално ниво. Независно од формалниот процес на пристапување кон инструментите на Советот на Европа и Европската Унија, надлежните институции и засегнатите страни од медиумскиот сектор, можат веднаш да започнат со активности за имплементација на *Насоките за одговорна примена на ВИ во новинарството*. Конкретно, се препорачува:

- Министерството за дигитална трансформација, во рамки на процесот на ревидирање на медиумската легислатива, да отвори стручна расправа за воспоставување програма за финансиска поддршка на проекти за одговорна примена на вештачката интелигенција, со цел збогатување на квалитетот и разновидноста на содржините, особено кај малите и локалните медиуми;
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со поддршка на експерти, да изработи детални насоки и стандарди за примена и од-

говорно користење на системите на ВИ во аудиовизуелните медиуми, врз основа на искуствата од земјите каде што оваа практика е во понапредна фаза;

- Програмскиот совет на Јавниот радиодифузен сервис, по примерот на јавните сервиси од други земји, да изработи посебен документ - стандарди и насоки за примена на ВИ во служба на мисијата на јавниот сервис, како и да иницира изработка на нова стратегија за развој на МРТ која ќе вклучи посебен дел посветен на развојот на системите на ВИ во процесот на новинарската продукција;
- Советот за етика во медиумите и неговата Комисија за жалби, при следењето на примената на етичките стандарди во новинарството, да иницираат истражувања и други активности за согледување на реакциите и перцепциите на јавноста на употребата на ВИ во новинарските содржини;
- Медиумите, новинарите, граѓанските организации, истражувачите и другите релевантни актери да се вклучат во постојната иницијатива на регулаторното тело за подигнување на медиумската и информациската писменост на граѓаните, вклучително и нивната писменост за користење на системите за вештачка интелигенција.

## 5.2 Стратегиска рамка и поддршка за интегрирањето на ВИ во аудиовизуелниот сектор

Анализата на состојбата со примената на вештачката интелигенција во аудиовизуелниот сектор во РСМ, јасно укажува дека интеграцијата на овие технологии се наоѓа во рана и структурно недоволно развиена фаза. Во моментот, употребата на ВИ е претежно ограничена на технички и поддржувачки задачи, најчесто како резултат на индивидуални иницијативи, без системска поддршка или унифицирани urednички политики.

Иако свеста за потенцијалите и ризиците од ВИ постепено расте, отсуството на формални политики, структуриран надзор и програми за обука, ја остава технологијата во таканаречена „сива зона“, каде што личната иницијатива и индивидуалната одговорност претставуваат единствен механизам за контрола. Ваквиот модел не само што ја зголемува ранливоста на редакциите, туку и го поткопува јавниот кредибилитет и довербата во медиумите.

Недостигот на систематска проценка на ризиците, транспарентност и означување на содржини создадени со ВИ, дополнително ја ограничува способноста на медиумите да го заштитат јавниот интерес. И покрај неколкуте охрабрувачки иницијативи, како што се ревизијата на новинарскиот кодекс и активностите на професионалната медиумска заедница, практичната имплементација останува ограничена и фрагментирана.

Теренските согледувања ја потврдуваат доминантната улога на индивидуалната иницијатива и отсуството на системски протоколи, што укажува на поширока организациска култура во која се преклопуваат традициите на класичното новинарство и сложените предизвици на дигиталната трансформација. Во овој контекст, ВИ дејствува како „лакмус тест“ за зрелоста на професионалните норми и капацитетот за саморегулација во медиумите.

Клучот за успешната иднина на интеграцијата на ВИ не лежи само во технолошката имплементација, туку и во развивањето култура на професионална етика, системска транспарентност и јавна отчетност. Ова подразбира надминување на изолацијата, градење стабилни внатрешни капацитети и воспоставување структури кои ќе обезбедат безбедна и одговорна употреба на технологијата.

Неопходно е воспоставување сеопфатни внатрешни политики, континуирани програми за обука и функционални механизми за транспарентност. Посебно важно е воведувањето на инклузивен и учеснички модел на одлучување кој ги интегрира сите засегнати страни. Според препораките на *Фондацијата Томсон Ројтерс* (2025), ваков мултисекторски пристап, кој вклучува медиумски професионалци, технолози, регулатори, граѓански организации и академски институции, е клучен за развивање заеднички етички стандарди и законски рамки за одговорна примена на ВИ.

Овој модел е особено значаен за земји со послаба институционална инфраструктура, како Северна Македонија, бидејќи може да помогне во надминување на ограничувањата во ресурси и експертиза, како и во зајакнување на јавната доверба.

Затоа, на ВИ не треба да се гледа само како на алатка за подобрување на ефикасноста, туку и како на можност новинарството повторно да ја потврди својата улога како чувар на јавниот интерес и клучен столб на демократијата во дигиталната ера.

## 5.3 Осовременување на Кодексот на новинарите

Ажурирањето на Кодексот на новинарите се јавува како клучна заложба за заштита на јавниот интерес, одржување на кредибилитетот и зајакнување на професионалниот интегритет во ерата на дигитална трансформација и сè поинтензивна примена на вештачката интелигенција (ВИ). Иако медиумската заедница веќе го започна процесот на ревизија на Кодексот, резултатите од оваа анализа, како и глобалните трендови, укажуваат на потребата за подлабока и систематска интеграција на етичките аспекти на ВИ како посебна и приоритетна тема.

Препораки за осовременување на Кодексот:

- *Вклучување на принципот на човечка проценка и конечна уредничка одговорност.* Кодексот треба експлицитно да содржи одредби што го потврдуваат принципот дека новинарите и уредниците ја задржуваат крајната одговорност за содржините создадени или поддржани од ВИ. Овој принцип е суштински за зачувување на автентичноста и заштита

од автоматизација без човечки надзор. Како што е наведено и во *Парискаша йовелба за ВИ и новинарсшвошо*[77], човекот мора да биде во центарот на сите уреднички одлуки и стратегии.

- *Обврска за шрансйареншно означување на ВИ-содржини.* Потребно е јасно означување на сите содржини креирани со ВИ, во согласност со глобалните практики и препораките на *IMPRESS*[78] и *Парискаша йовелба*[79]. Според овие документи, секоја употреба на ВИ што има значително влијание врз продукцијата или дистрибуцијата на новинарски содржини, мора да биде јасно објавена и комуницирана со публиката. Овие принципи се усогласени со пристапот на *BBC*, чии *Принциӣи за вешшачка иншелигенција* [80] нагласуваат транспарентност кон корисниците, човечка контрола врз автоматизираните процеси и јасна уредничка одговорност за содржините создадени со ВИ. Дополнително, медиумите треба да воспостават јавен регистар на сите системи на ВИ кои ги користат или ги користеле, со објаснување на нивните цели, опфат и услови на употреба.
- *Мерки за минимизирање на алгоришамскаша йрисшрасносш и зашшиша на йлурализмош.* Кодексот треба да содржи одредби кои ќе овозможат активно справување со алгоритамската пристрасност и поддршка на плурализмот на гледишта и извори. ВИ може да засили дискриминација, пристрасност или штетни стереотипи, како и да создаде „информациски балони“ кои ја ограничуваат слободата на информирање и го поткопуваат демократскиот дискурс[81].
- *Коншинуирана йрофесионална едукација за ВИ.* Потребно е да се вклучи одредба за редовна обука за техничките, етичките и правните аспекти на примената на ВИ. Како што укажуваат интервјуираните новинари и експерти, без постојана едукација, ризикот од некритичка, механичка и несоодветна примена на технологијата, значително расте, што може да доведе до етички и професионални грешки.
- *Јавна ошчешносш и шрансйаренШносш на йолишикише.* Кодексот треба да предвиди обврска за јавно објавување на интерните политики и процедури поврзани со ВИ. Препорачливо е медиумите да одржуваат посебни страници на коишто детално ќе ги објаснуваат целите, ограничувањата и начинот на имплементација на системите на ВИ. Ваквиот пристап ќе овозможи граѓаните и граѓанските организации да ја следат работата на медиумите и активно да придонесуваат во демократскиот надзор и јавната доверба.

---

77 Reporters sans Frontières. *Paris Charter on AI and Journalism*.

78 Impress, *Best Practice Note: The Use of Artificial Intelligence*, April 2025.

79 Reporters sans Frontières. *Paris Charter on AI and Journalism*.

80 BBC. *BBC AI Principles*. February 2024.

81 Совет за етика во медиумите на Македонија. Регионална декларација ВИ како помош, никогаш како замена за човечка проценка 2025.

## 5.4 Внатрешни акти за транспарентна и етичка примена на ВИ

Покрај ревизијата на Кодексот на новинарите, неопходно е истовремено да се развијат и детални внатрешни акти и протоколи, кои ќе служат како практична алатка за обезбедување одговорна, транспарентна и етичка примена на ВИ во редакциите. Овие документи треба да бидат внимателно приспособени на специфичните потреби и капацитети на секоја редакција, како и редовно ажурирани за да одговорат на динамичните технолошки промени и новите етички предизвици.

Препорачаните насоки опфаќаат:

- *Дефинирање на јасни правила за употреба на ВИ.* Потребно е прецизно да се утврди каде, како и под кои услови може да се користи ВИ, со јасно разграничување меѓу техничката поддршка и креативно уредничката функција на новинарите. Ваквото разграничување ја намалува опасноста од неконтролирана автоматизација и обезбедува задржување на човечката критичка проценка како клучен филтер во процесот на создавање содржини.
- *Назначување одговорно лице или тим за ВИ.* Неопходно е воспоставување формализирана структура – лице или посебен тим - која ќе биде одговорна за мониторинг, спроведување и континуирано приспособување на политиките за ВИ. Овој пристап овозможува системска контрола и ја намалува веројатноста од самоволни или несоодветни интервенции.
- *Гарантирање транспарентност и јавна отчетност.* Ова подразбира воспоставување интерни регистри за употреба на ВИ, подготовка и објавување на годишни извештаи за влијанието на технологијата врз новинарските практики, како и континуирана комуникација со јавноста. Ваквата транспарентност е суштинска за јакнење на довербата и зачувување на кредибилитетот на медиумот.
- *Воведување протоколи за брза реакција и корекција.* Потребно е да се воспостават механизми за навремена интервенција и исправка во случаи кога ВИ ќе предизвика грешки или неточности. Целта е минимизирање на негативните последици врз јавноста и зачувување на угледот на редакцијата.
- *Динамичност и редовно ажурирање на документите.* Внатрешните акти треба да бидат „живи документи“, лесно приспособливи и достапни за сите членови на редакцијата. Редовните внатрешни и надворешни ревизии се неопходни за обезбедување на нивната ефикасност, одржливост и континуирана усогласеност со професионалните стандарди и јавниот интерес.

# Библиографија


BBC. *BBC AI Principles*. February 2024. Accessed May 20, 2025.

Becker, Kim Björn, Felix M. Simon, and Christopher Crum. "Policies in parallel? A comparative study of journalistic AI policies in 52 global news organisations." *Digital Journalism* (2024): 1-21.

Cabrera, L.L. *A Series on the EU AI Act Pt. 3 – Freedom of Expression*. Brussels: Center for Democracy and Technology, May 2024.

Cappello, Maja, ed. *AI and the Audiovisual Sector: Navigating the Current Legal Landscape*. Strasbourg: European Audiovisual Observatory, IRIS, October 2024.

Council of Europe. *Framework Convention on Artificial Intelligence and Human Rights, Democracy and the Rule of Law*. Vilnius: Council of Europe, 2024.

Council of Europe. *Methodology for the Risk and Impact Assessment of Artificial Intelligence Systems from the Point of View of Human Rights, Democracy and the Rule of Law (HUDERIA Methodology)*. Strasbourg, November 28, 2024.

Council of Europe. *Guidelines on the Responsible Implementation of Artificial Intelligence (AI) Systems in Journalism*. Strasbourg: Council of Europe, March 2024.

Council of Europe. *Recommendation CM/Rec(2020)1 of the Committee of Ministers to member States on the human rights impacts of algorithmic systems*. Strasbourg: Council of Europe, April 2020.

Council of Europe. *Recommendation CM/Rec(2022)4 of the Committee of Ministers to member States on promoting a favourable environment for quality journalism in the digital age*. Strasbourg: Council of Europe, March 2022.

Council of Europe. *Recommendation CM/Rec(2022)11 of the Committee of Ministers to member States on principles for media and communication governance*. Strasbourg: Council of Europe, April 2022.

Council of Europe. *Recommendation CM/Rec(2022)13 of the Committee of Ministers to member States*

*on the impacts of digital technologies on freedom of expression*. Strasbourg: Council of Europe, April 2022.

Euractiv. *Clear Policies for AI in Journalism, Imperative for Ethics*. October 2024.

European Broadcasting Union. *Trusted Journalism in the Age of Generative AI*. *EBU News Report*. Geneva: European Broadcasting Union, 2024.

European Broadcasting Union. *Leading Newsrooms in the Age of Generative AI*. Geneva: European Broadcasting Union, 2025.

European Commission. *Guidelines on Prohibited Artificial Intelligence Practices, Established by Regulation (EU) 2024/1689 (AI Act)*. Brussels: European Commission, February 2025.

European Union. Regulation (EU) 2022/2065 of the European Parliament and of the Council of

19 October 2022 on a Single Market for Digital Services and amending Directive 2000/31/EC (Digital Services Act) (Text with EEA relevance).

European Union. Regulation (EU) 2024/1689 of the European Parliament and of the Council of 13 June 2024 laying down harmonised rules on artificial intelligence and amending Regulations (EC) No 300/2008, (EU) No 167/2013, (EU) No 168/2013, (EU) 2018/858, (EU) 2018/1139 and (EU) 2019/2144 and Directives 2014/90/EU, (EU) 2016/797 and (EU) 2020/1828 (Artificial Intelligence Act).

European Union. Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC (General Data Protection Regulation)

Gutiérrez-Caneda, Beatriz, Carl-Gustav Lindén, and Jorge Vázquez-Herrero. "Ethics and Journalistic Challenges in the Age of Artificial Intelligence: Talking with Professionals and Experts." *Frontiers in Communication* 9 (2024): 1465178.

Impress. *Best Practice Note: The Use of Artificial Intelligence*. April 2025.

Martens, Bertin. *How DeepSeek Has Changed Artificial Intelligence and What It Means for Europe*. Policy Brief 12/2025. Brussels: Bruegel, 2025.

National Union of Journalists (NUJ). *Artificial Intelligence: NUJ Ethics Guidelines for AI Use in Journalism*. 2024.

Newman, Nic, and Federica Cherubini. *Journalism, Media, and Technology Trends and Predictions 2025*. Oxford: Reuters Institute for the Study of Journalism, University of Oxford, January 2025.

Omdena. *The Ethical Role of AI in Media: Combating Misinformation*. 2023.

Price, Rande. *Journalists Confront the Reality of Media Use of AI*. Digital Content Next, 2025.

Radcliffe, Damian. *Journalism in the AI Era: Opportunities and Challenges in the Global South and Emerging Economies*. London: Thomson Reuters Foundation, January 2025.

Reporters sans Frontières. *Paris Charter on AI and Journalism*.

Torraco, R.M. *Risk in the Digital Services Act and AI Act: Implications for Media Freedom, Pluralism, and Disinformation*. Florence: Center for Media Pluralism and Media Freedom, May 2025.

* * *

Манасиев, Александар. *Темелна ревизија на актуелните практики за етика во новинарството во Северна Македонија*. Скопје: Здружение на новинарите на Македонија, 2024.

Сефери, Суад, Сеад Џигал и Сања Аџаип Величковски. *Етика и пристрасност во вештачката интелигенција – предизвици и можности за Република Северна Македонија и за регионот*. Скопје: ВИ Сега – асоцијација за вештачка интелигенција, 2025.

Совет за етика во медиумите во Македонија. *Регионална декларација – вештачката интелигенција како помош, никогаш како замена за човечка проценка*. 2025.

Тунева, Марина. *Од глобални искуства до локални стандарди: етички предизвици и решенија во новинарството*. Скопје: Македонски институт за медиуми, 2024.

*Заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција“ (Horizontal Facility III) е иницијатива за соработка, која трае од 2023 до 2026 година. Програмата опфаќа проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција. Таа им овозможува на корисниците да ги исполнат своите реформски агенди во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата и да се усогласат со европските стандарди, што е, исто така, приоритет за процесот на проширување на ЕУ.*

*Проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)“, имплементиран во рамките на Horizontal Facility III, им овозможува на институциите корисници и на граѓанските организации да ги исполнат своите реформски агенди во делот на слободата на изразување и на слободата на медиумите, во согласност со европските стандарди. Има за цел да ја зајакне примената на правото на слобода на изразување, посебно на новинар(к)ите и медиумските актери во поплуралистичко и побезбедно медиумско опкружување, и во согласност со стандардите од Членот 10 од Европската конвенција за човекови права.*

***Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на автор(к)ите. Изразените ставови нужно не се смета дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советотна Европа.***

** Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независноста на Косово.*

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Тој се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската Унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа Конвенција од страна на државите членки.

www.coe.int

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа